# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 март 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија господинот Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата почнуваме со Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Ја отворам Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Нерзири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрета Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Андреј Жерновски, Илинка Митрева, Илија Китановски, Зоран Витанов, Влатко Серафимов, Љубчо Георгиевски, Владо Бучковски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(нема доволен број)

Бидејќи се потпишани над 63 пратеници, а 61 ги вметнале картичките, ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(службите ги пребројуваат пратениците)

(нема доволен број )

Бидејќи голем број пратеници пристигнаа од работните тела на Собранието, би ги замолил службите уште еднаш да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

(нема доволен број)

Бидејќи уште работни тела на Собранието заседаваат, давам 15 минути пауза да завршат со седниците.

(пратениците отидоа на пауза во 11,34 часот)

(По паузата седницата продолжи во 12,05 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата, да седнат на своите места да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи се подигнати 86 картички, ги повикувам службите да доставаат точен број на присутни пратеници.

(службите ги пребројуваат пратениците)

(нема доволен број )

Уште еднаш ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница е свикана по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за основање Државен универзитет “Гоце Делчев” во Штип, со предлог на закон и Предлогот за донесување по итна постапка на закон за основање на факултет за бизнис администрација и менаџмент во информатичка технологија во состав на Универзитетот “Свети Климент Охридски”-Битола, со предлог на закон.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување по итна постапка на закон за основање на факултет за бизнис администрација и менаџмент во информатичка технологија во состав на Универзитетот “Свети Климент Охридски”-Битола со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе закон за основање Државен универзитет “Гоце Делчев” во Штип.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста на овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Пред вас имате Предлог за донесување на закон за основање на Државен универзитет “Гоце Делчев” во Штип, со Предлог на закон.

Со основањето на Универзитетот со седиште во Штип ќе се финализира иницијативата долга повеќе од 30 години за дисперзија на високото образование во Република Македонија, преку која ќе се постигне високо образовните установи да бидат во директна функција за развој на сите нејзини региони, како и да бидат поблиску до местото на живеење на студентите.

Едновремено ќе се исправи неправдата што му е нанесена на овој регион со затворањето на високообразовни институции кои со своето успешно работење долг временски период ги задоволувале потребите на населението за високо образование.

Со Предлогот на законот кој ви е доставен дека со новиот Универзитет “Гоце Делчев” во Штип ќе се основаат пет факултети и една висока школа и тоа:

Економски факултет, Правен факултет, Земјоделски факултет, Факултет за музичка уметност, Факултет за информатика и Висока здравствена школа.

Понатаму, кон овој Универзитет ќе се припои Институтот за земјоделство од Струмица.

Долги години во Штип работел Економскиот факултет кој бил затворен и покрај тоа што економските знаења во еден регион претставуваат неопходна компонента на духовниот капитал на регионот и исклучителен фактор за неговиот сестран општествен развој.

Економскиот факултет ќе развива програми што се во директна релација со потребите на регионот.

На почетокот од своето работење тој ќе ги реализира неколкуте програми, меѓу другото, програмите за меѓународна економија и здравствен менаџмент.

За правните науки постои голем интерес во државата. Со основање на правен факултет во Штип ќе се одговори на интересот на младите од овој регион за нивно студирање.

Штип е регионален центар со Основен суд, Апелационен суд, Јавно обвинителство и голем број на правни субјекти кои имаат потреба од дипломирани правници.

Моменталните размослувања за оформување на филијала на Правниот и Економскиот факултет од Скопје не се решение за потребите на овој регион. Факултетите имаат посестрана дејност одколку организирање на студиски програми. Тие се центри на научна и стручна дејност насочена кон конкретните потреби на регионот.

Источна Македонија е претежно земјоделски регион. Меѓутоа, Вишата земјоделска школа која едуцирала кадри кои се потребни на регионот и која функционирала повеќе од 30 години била затворена и со тоа . . .

**Бесим Догани:** Господине заменик министер, би ве замолил, во интерес на редоследот и на времето да ја образложите итноста од донесување на овој закон по итна постапка.

**Јован Лазарев:** Нема да трае повеќе од пет минути целото образложение.

Потребата од итност е ново основаниот Универзитет односно да се овозможи студентите кои сакаат да се запишат на овој Универзитет да се предвиди да се распише конкурс за упис на студенти во учебната 2007-2008 година. Само во тоа се состои интноста да го фатиме конкурсот за упис на студенти. Ако сте задоволни, благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласаа само 58 пратеника, ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Има доволно.

Бидејќи во салата се присутни доволен број пратеници констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 57 пратеника, 56 гласаа за, воздржано нема, против еден.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 60 пратеника, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1-Предлог на закон за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип**

Предлогот на законот ви е доставен.

Согласно точка 2 од амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови и присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Верица Филипова, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска поднесоа амандман на член 1 за додавање две нови точки 7 и 8 по точката 6, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Верица Филипова, Тале Герамитчиоски и Славица Грковска поднесоа амандман на член 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање на две нови точки 7 и 8 по точката 6, поднесен од пратениците Верица Филипова, Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Во првиот Предлог на закон беше предвидено и овие два факултети да се припојат кон Универзитетот, меѓутоа, според постојниот закон, за да се припојат факултети од постојан универзитет во Универзитет кој се основа од друг Универзитет потребно е претходно мислење од Универзитетот од кој излегуваат и позитивно мислење од оснивачот.

Од тие причини ние го избришавме тој член. Инаку, амандманот за нас е прифатлив, меѓутоа, може да настане проблем околу законодавно правниот процес на припојувањето.

Од тие причини го одбиваме амандманот.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Владата не го прифати амандмано.

Процедурално господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Нешто набрзина да не се збркавме. Дали расправавме за Предлогот за донесување?

Дали донесовме заклучок дека минавме на законот?

(реакција од страна на пратениците)

Како може така, ако е по итна постапка дали може по Деловникот да биде само Предлог на закон.
**Бесим Догани:** Законот е по итна постапка.

**Стојан Андов:** Законот е по итна постапка, значи амандмани можат да се даваат цело време, тоа е, и не мора да го гледаат комисиите. Не знам, видете во Деловникот. Мора да се усвои дека закон се донесува. Мора да донесеме заклучок дека се усвојува да се донесе закон. Да не направиме грешка. Ако направамие грешка сами штета ќе си направиме. Ајде ве молам видете уште еднаш.

**Бесим Догани:** Според сценариото имаме претрес по текстот на Предлогот на законот по амандманската расправа. Немаме општ претрес по Предлогот на законот.

Во ред, господине Андов, ќе пристапиме кон општ претрес по Предлогот на законот, па после по амандманска расправа.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Повелете госпоѓо Топузова.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Навистина не е логично денеска на дневен ред имаме една многу сериозна точка, се работи за основање на Универзитет. Тоа апсолутно не е работа што треба да помине за пет минути и да се затвори расправата, туку навистина треба да имаме многу сериозен пристап кон оваа точка.

Сега, очигледно, имаме некое недоразбирање како треба да тече расправата. Апсолутно е во право господинот Стојан Андов ова што го побара и навистина јас сум загрижена ако веднаш поминеме на амандманска расправа.

Но, со оглед на тоа, ги молам колегите да не бидат толку нетрпеливи од ДПМНЕ и да дофрлаат од место затоа што е подобро да се сослушаме, имаме многу сериозна работа.

Имам предлог, Комисијата за мандатно-имунитетни и деловнички прашања да се состане и да расправа како треба да тече расправата по оваа точка.

Очигледно дека немаме . . . барам поддршка од 10 пратеници и пауза од половина час за да знаеме како ќе постапуваме понатаму. Благодарам.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Топузова, според член 177 од Деловникот вели: ако Собранието го усвои Предлог законот да се донесе по итна постапка Предлогот на законот се внесува во дневниот ред за седницата. Тоа го направивме.

Собранието може пред или во текот на претресот да побара од надлежното работно тело и од Законодавно-правната комисија секој во својот делокруг итно да му поднесе извештај.

Значи, во првиот дел ние изгласавме дневен ред, ја ставивме точката на дневен ред. Мислам ништо нема грешка. Затоа отворам претрес општа расправа по текстот на Предлогот на законот.

(Некои пратеници реагираат од место)

Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, ако веќе одите по текстот на законот, како што е деловнички, тогаш не можете да отворите општ претрес по текстот на законот. Општиот претрес може да биде или по предлог за донесување и претрес по текстот. Ако е претрес по текстот тогаш директно преминувате на амандмани, но ваше е како ќе одлучите вие бидејќи вие се грижите за спроведување на Деловникот, дали грешите или не тоа е ваше, но не можете да отворите општ претрес по текстот. Тоа не може. Благодарам.

**Бесим Догани:** Повелете господине Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Ве молам, процедурално да се објасниме.

Предлогот од Владата што е овде содржи неколку дела. Има уставен основ поради кој треба да се донесе законот. Основни начела на законот, содржината на законот, тоа треба да го уважи Собранието. Јас не се сомневам дека ќе се уважи и ако за тоа не расправаме, тоа е предлог за да се донесе законот, но да се донесе заклучок веднаш да поминеме на разгледување на Предлогот на законот. Член 177 се однесува кога е фаза на предлог на закон, а по итна постапка да помине е да нема редовна постапка, да не поминува низ комисии итн. Јас се плашам ние да не донесеме денеска закон, а можеме денеска да го донесеме законот, но ако спротивно од Деловникот го донесеме, може да ни падне на Уставен суд, па што ќе правиме после.

**Бесим Догани:** Во делот на итноста ние изгласавме дека треба итно. Тоа го изгласавме самите и го ставивме на дневен ред по итна постапка.

Процедурално бара збор Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, ценам дека е потребно 10 минути пауза и координаторите на пратеничките групи заедно со

вас и со генералниот секретар да направиме една кратка координација и да продолжиме со работа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Да се дообјасниме. Ако работиме по тоа како не посоветува господинот Стојан Андов процедурално, ќе треба прво да се изработи заклучок, инаку ние го изгласавме да се работи по итна постапка.

Затоа давам 10 минути пауза да се договориме за текот на понатамошната работа.

(Пауза од 12,28 часот)

(По паузата седницата продолжи во 12,45 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Почитувани пратеници иако кај сите нас се појавија сомнежи во врска со донесување на овој закон поради совесноста и грижата да не направиме грешка, но на координацијата се разјаснивме дека процедурално е се во ред и според член 177 од Деловникот, бидејќи се работи за предлог на закон, а не предлог за донесување на закон така да продолжуваме по амандманска расправа.

Исто така должен сум да ви соопштам дека се договоривме во текот на претресот по текстот на Предлогот на законот претставникот на Владата, на Министерството уште еднаш пред вас да го образложи донесувањето на овој закон.

Значи, продолжуваме по амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање две нови точки 7 и 8 по точката 6 поднесен од пратениците Верица Филипова, Тале Герамитчиоски и Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование.

**Јован Лазаров:** Владата го одбива амандманот.

**Бесим Догани:** Благодарам. Значи амандманот не е прифатен.

Има збор предлагачот Тале Герамитчиоски, повелете.

Се извинувам, процедурално се јави за збор пратеникот Лазар Китановски.

**Лазар Китановски:** Мислам дека е безпредметно да разговараме за амандманите бидејќи според постојните законски прописи, како што објасни заменикот на министерот не е можно во рамките на една високо образовна институција да се префрлува дел во друга институција односно потребна е нејзина согласност. Според тоа, самата расправа мислам дека е непотребна и само ќе губиме време, бидејќи противзаконска ќе биде.

Јас предлагам да поминеме практично на самиот текст на законот, бидејќи ако разговараме за амандманите ние ги кршиме постојните закони во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Тоа го објасни и заменикот на министерот но јас не можам да ги повлечам аманмданите. Тоа е до пратениците кои ги предложија амандманите и тие можат да одлучат за понатамошниот тек.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Значи, ние како предлагачи бевме свесни дека од правен аспект не е во ред, но сакавме да укажеме на неколку факти.

Прво, во секоја европска држава која што има долга традиција во високото образование свечен чин е кога се создава нов државен универзитет, свечен чин е кога се создава нов државен факултет, а не универзитет. Во претходните денови беше направена таква еуфорија која што доби политички призвук и димензии дека некој треба да поентира врз оваа основа.

Потсетете се само како овој собраниски Дом расправаше по однос на последната интервенција по однос на основачот, Собранието на Република Македонија кога се создаваше Тетовскиот државен универзитет. Не би сакале повторно да се случат такви ситуации и ние даваме безрезервна поддршка како пратеничка група на СДСМ за основање на државен универзитет Гоце Делчев во Штип. Тоа да биде јасно и за јавноста и за пратениците. Но, со самиот чин на поднесување на амандманите сакавме како тројца предлагачи да укажеме дека кога се создава една ваква институција од големо значење за Република Македонија треба сеопфатно и студиозно да се пристапи кон припремите за создавање на оваа институција. Во овој случај не сме до крај убедени дека припремите биле сеопфатни.

Имено, на оние кои што се во универзитетските води добро им е познато дека универзитет не се создава преку ноќ. Потребно е макотрпно да се гради камче по камче додека не се стекне одредено реноме и признание во таа фела. Мислевме дека ако веќе се создава универзитет во Штип, тогаш за изминување на пократок временски период на тој макотрпен пат на градба на реномето на универзитетот е да се приклучат високообразовни институции кои што веќе се со докажан квалитет и веќе изграден развоен пат, а тоа се Педагошкиот факултет во Штип и Рударско-геолошкиот факултет во Штип. Совршено јасно ни е дека правно потребно е мислење од универзитетот чиј членки се тие, но не ми е јасно зошто претходно во таа процедура не било тоа спроведено. Зошто не се побара еден широк консензус и од универзитетот за да се пристапи кон овој чин бидејќи информациите се навистина контрадикторни. Морам да признам и непроверени. Некои од универзитетот ќе се противат, Рударско-геолошкиот и Педагошкиот факултет да се отцепат, условно кажано од Свети Кирил и Методиј и да се приклучат кон новиот

универзитет, за кој што претпоставувам дека постои размислување и е составен дел на идните чекори на Владата. Некои ќе го поздрават тој чин. Зошто тоа не го видовме претходно и од страна на универзитетот Свети Кирил и Методиј, од официјалните лица, од ректорската управа, од Сенатот кој што треба да се изјаснат. Очигледно е дека на овој амбициозен проект им недостига мислењето од оваа високо образовна институција и очигледно е дека и за јавноста и за сите нас е потребно да го видиме тој општ консензус и од универзитетската фела. Вака останува сомнеж дека не е до крај поткрепена заложбата на Владата, односно на политичките партии, партиципиенти во овој собраниски Дом кој што го поддржуваат со еден широк консензус овој проект. Значи фали став на Универзитетот.

Уште повеќе не сум до крај сигурен во правната издржаност во членот во кој што Институтот за јужни овошја, земјоделски култури во Струмица кој што се присоединува кон универзитетот и веќе е јавна научна институција во правната издржаност, во чекорите на имплементацијата на правната издржаност бидејќи можеби како фаза и тоа требаше да следи подоцна.

Значи, амандманите свесно ги поднесовме за да укажеме на овие факти. Дали Владата контактирала со универзитетот св.Кирил и Методиј; дали има некое писмено мислење по однос на оваа заложба; дали имало директна комуникација помеѓу нив во кој што се искажани намерите на Владата односно Министерството за образование и наука дека овие две високообразовни институции ќе бидат во иднина носечки столб на идниот универзитет.

Значи, амандманите да ги сфатите како еден вид провокација дека треба тоа прашање да го отвориме во овој Собраниски дом.

Имено, најдобронамерни се сугестиите дека тие два факултети треба да бидат составен дел на новиот универзитет, бидејќи веќе создале инфраструктура и кадровски потенцијал и во научно - истражувачката работа покажале одредени резултати, прородно е да бидат носечки столб на идниот универзитет.

Со оглед на тоа што нема правна издржаност јас амандманите ги повлекувам, но целта ни беше да го укажеме ова. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски)

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи амандманите се повлечени, предлагам односно можам ли да констатирам дека најавените говорници се повлекуваат.

Значи, одиме како е редоследот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор претставникот на Владата, повелете.

**Јован Лазаров:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред вас имате предлог за донесување на закон за основање на универзитет во Штип и должен сум да кажам дека основањето на овој универзитет е дел од Програмата на Владата на Република Македонија, Програма за која што премиерот на Владата во својот пристапен говор го образложи пред ова Собрание и еве со овој потег ние ја остваруваме Програмата, а и покрај тоа ги оствауваме и ветувањата кои што како изборна коалиција ги дадовме на граѓаните во Штип и Источниот регион.

Со основањето на универзитетот со седиште во Штип ќе се финализира иницијативата долга повеќе од 30 години за дисперзија на високото образование во Република Македонија преку која ќе се постигне високообразовните установи да бидат во директна функција во развојот на сите нејзини региони, како и да бидат блиску до местото на живеењето на студентите. Едновремено ќе се исправи неправдата што му е нанесена на овој регион со затворањето на високообразовни институции кои со своето успешно работење долг временски период ги задоволувале потребите на населението за високообразование.

Со основањето на универзитетот ќе се отворат 5 факултети и една висока школа и тоа Економскиот факултет, Правен факултет, Земјоделски факултет, Факултет за музичка уметност, Факултет за информатика и висока здравствена школа.

Во Штип долги години работел Економскиот факултет кој бил затворен покрај тоа што економските знаења за еден регион претставуваат неопходна компонента на духовниот капитал на регионот и исклучителен фактор за неговиот сестран општествен развој. Економскиот факултет ќе развие програми што се во директна релација со потребите на регионот. На почетокот на своето работење тој ќе реализира неколку програми , меѓу другото и програми за меѓународна економија и здравствен менаџмент.

За правните науки постои голем интерес во државта. Со основање на Правен факултет во Штип ќе се задоволи интересот на младите од овој регион за нивно студирање. Штип е регионален центар со основен суд, Апелационен суд, Јавно обвинителство и голем број на правни субјекти кои имаат потреба од дипломирани правници.

Моменталните размислувања за оформување филијали на правниот и на економскиот факултет во Скопје не се решение за потребите на овој регион. Факултетите имаат посестрана дејност отколку организирањето на студиски програми. Тие се центри за научна и стручна дејност насочена кон конкретните потреби на регионот.

Источна Македонија е пред се земјоделски регион, меѓутоа вишата земјоделска школа која

едуцирала кадри кои се потребни на регионот и која функционирала повеќе од 30 години била затворена и со тоа биле нанесени непроценливи штети на развојот на земјоделието во овој регион.

Земјоделскиот факултет во почетокот на своето работење на постдипломски студии ќе реализира неколку студиски програми. На овој факултет ќе се реализираат студиски програми од земјоделие општа насока, интегрална заштита на растенијата и преработка на прехранбените производи.

Една од програмите ќе биде и агроменаџментот кој ќе продуцира кадри неопходни за еден земјоделски регион, а кои во нашата држава се дефицитарни. Овие кадри ќе бидат ангажирани во областа на сложените процеси на планирање и развој на агрокомплексот на основа на издржана примена на достигнувањето на економијата, на економската наука кај нас и во светот.

Во Штип постои долгогодишна традиција на негување на музичката уметност. Има голем број врвни уметници кои можат да организираат студиски програми кои не се застапени на факултетот за музичка уметност во Скопје, а едуцираат кадар кој е дефицитарен во Република Македонија. Особено се дефицитарни високообразовните кадри на дувачките инструменти.

Образованието на овие кадри претставува долготраен процес кој започнува од раното детство, 5-7 годишна воздраст и тече континуирано повеќе години. Овој континуитет ќе биде обезбеден кога учениците кои се стекнуваат со основно и средно музичко образование во Штип ќе бидат во можност своето образование да го продолжат на една високообразовна установа, како што е факултетот за музичка уметност.

Едно од значајните цели на факултетот ќе биде поврзување на нашата традиционална музичка уметност со трендовите на модерната музичка уметност

Факултетот за информатика треба да одговори на најургентните потреби на државата, да обезбеди кадри кои од една страна ќе бидат задолжени за поттикнување на информатичкото образование на населението, а од друга страна ќе се вклучат како специјалисти во сите општествени институции. Имено, во моментот постои навистина голем дефицит од информатички кадри во Република Македонија.

Високата здравствена школа треба да одговори на потребите на регионот за високостручни профили на здравствените работници во здравствените институции на регионот и пошироко. Со едукацијата на овие кадри ќе се намали актуелната дискрапанца меѓу научното знаење на лекарите специјалисти и останатиот здравствен кадар во здравствените институции кои во огромен број се со средна стручна подготовка. Здравствените работници со завршена висока здравствена школа ќе бидат оспособени самостојно и компетентно да пружат здравствена заштита на болните и повредените и ќе бидат во состојба да ги следат најновите достигнувања во соодветната медицинска област, меѓународните искуства и потврдуваат оправданоста од постоење на таквата високообразовна установа во Република Македонија.

Средствата за финансирање на дејноста на државниот универзитет Гоце Делчев ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија и од други извори определени со закон.

Дозволете ми на крај сепак да дадам одговор на поставеното прашање дали имало разговори со универзитетот Кирил и Методиј. Да е одговорот. Имаше разговори и со деканите на факултетите Рударско-геолошки и Педагошкиот и со ректорот на Универзитетот и е најдено решение во кое што ќе се почитува постојниот закон во Република Македонија каде што се вели дека при истапувањето на една институција високообразовна од еден универзитет и припојување кон друг универзитет претходно е потребно мислење од универзитетот чија членка е. Ние сега не можевме да поведеме процедура за истапување на овие факултети од овој универзитет бидејќи не постоеше друг универзитет во кој што треба да се припојат. Значи, треба да излезат институции од постојниот факултет и да влезат во непостоечки факултет.

Од денес - се надевам дека ќе го усвоиме овој закон - веќе од утре ќе почне процедурата, тоа ќе оди онака како што е со закон, онака како што е со закон и онака како што ќе биде анкетата на овие два факултети во Штип и потоа мислењето на Сенатот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”.

Благодарам.

Еве, ве повикувам да дадете поддршка на овој наш предлог.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Прво би сакала да го искористам правото на реплика со тоа што, на ова што последно го кажа почитуваниот заменик министер околу дилемата која што и кај мене се наметнуваше за дисперзираните студии и за Факултетот, за Рударско-геолошкиот факултет и Педагошкиот факултт - да, се согласувам, треба да има мислење од Универзитетот, каде што е и матична членка. Но во што се состои мојата реплика? Прашањето е во однос на членот 5 на законот кој што се нуди, каде што се вели: “Институтот за јужно-земјоделски култури од Струмица ќе се спои со Државниот универзитет “Гоце Делчев” од Штип, соглсно Законот за високо образование”.Можеби точно и овој член беше пресуден за почитуваните колеги пратеници од СДСМ да ги поднесат амандманите, затоа што колку што мене ми е познато и институтите најчесто како научно образовни институции се членки на универзитетите. Дали овде се работи за

Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” или Универзитетот “Св. Климент Охридски”, без разлика, тие се членки. Моето прашање е каков е статусот на Институтот за јужно-земјоделски култури во Струмица, затоа што тој токму со овој закон се спојува кон новоформираниот универзитет “Гоце Делчев”.

Со ова реков дека го задржувам правото за дискусија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има контра реплика?

Повелете, заменик министер.

**Јован Лазарев:** Почитувана пратеничке, во Република Македонија постојат околу 20-тина институти, само некои се членки на Универзитети, другите се независни институции. Меѓу тие независни институции е и Институтот за јужно-земјоделски култури во Струмица. Тој не е член на Унвиерзитетот “Св. Кирил и Методиј” и затоа за него е предвиден овој член 5. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каровска.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседател.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик на министерот за образование и наука и почитувани претставници, повереници од Министерството за образование и наука.

Навистина, на самиот почеток сакам да го изразам моето жалење што дискусијата доби еден ваков тек каков што имаше на почетокот, затоа што навистина се работи за еден свечен значаен чин за сите граѓани во Република Македонија, без разлика на политичката и партиската определба. Токму поради тоа, на самиот почеток сакам да кажам дека ЛДП дава без резервна поддршка на овој Предлог на закон и сметам дека мојата дискусија ќе биде сфатена во најдобра насока, во основа на забелешките кои ќе ги дадам.

Пред се, сакам да реагирам на постапката по која ни беше доставен овој Предлог на закон и навистина не знам зошто на Владата и беше потребна итна постапка за да дојде до ова што се случи на почетокот и на еден начин, кој наместо да биде сосема поинаку толкувам, со еден сеопфатен пристап кон материјата што ни се нуди, Владата ни достави еден закон кој се состои од пет члена и пред тоа со едно образложение кое што е од една страна непочитувајќи го членот 39 од Законот за високо образование.

Да бидам искрена, очекував од заменикот министер да ни даде некое поголемо образложение за итноста на постапката зошто тоа вака се прави или образложувајќи го законот да даде некои посеопфатни анализи за основањето на овој унвиерзитет, но тој ни го прочита, односно прераскажа она што го содржи образложението на Предлогот за донесување на закон за основање на Државен универзитет “Гоце Делчев” во Штип и со тоа секако ни наметна уште повеќе дилеми зошто ова се прави по итна постапка, дотолку повеќе што јас би сакала овде поради вас, а и поради македонската јавност, да го цитирам членот 175 од Деловникот, кога законите се носат по итна постапка, па се вели: “По итна постапка може да се донесе закон кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување поголеми нарушувања во стопанството” - факт е дека во Република Македонија имаме нарушување во стопанството, но тоа е од поодамна, не се работи за тоа во овој момент да имаме некои поголеми нарушувања, па да беше потребно и неопходно вака да донесуваме закони - “или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија” - значи тоа не е случај - “или во случај на поголеми природни непогоди, епидемии и други вонредни и неодложни потреби”. Веројатно Владата го искористила ова “неодложна потреба”, што според мене не е многу логично и не е големо оправдување за да сега не доведе во оваа ситуација да го водиме на овој начин, да го достави законот вчера по итна постапка, дотолку повеќе што вчера имавме доставено уште еден закон кој што требаше да биде денес исто така по итна постапка разгледан, а тоа е Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за основање на факултет за бизнис администрација и менаџмент во информатичката технологија во состав на Универзитетот “Св. Кллимент Охридски” - Битола и видовме дека како што по итна постапка ни беше доставен, уште по поитна постапка денес беше повлечен од седницата.

Ова почитувани колеги ми дава за право да мислам дека имаме еден крајно несериозен пристап, односно Владата има крајно несериозен пристап кон една многу заначајна материја, а тоа е образованието, особено високото образование, затоа што сите ние знаеме од каква важност е образованието и какво влијание има во целокупниот живот во Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, кај мене навистина се наметнаа дилемите што ќе се случува со дисперзираните студии кои ги имаме од Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”, а сега исто такви основавме нови факултети, тоа се Економски факултет кој што има дисперзирани студии во Штип, правниот факултет кој што исто така ги има, почитуваниот заменик министер ги нарече филијали, но јас не би се согласила баш со изразот филијала. Во однос на материјата која ја дебатираме, можеби посоодветен термин би бил дисперзирани студии. Потоа, Земјоделскиот факултет кој има исто такви студии во Струмица, Факултетот за информатика и Високата здравствена школа која има дисперзирани студии во Штип. Единствено ново што е, тоа е Факултетот за информатичка дејност.

Слушнавме образложение дека е разговарано со Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, иако јас имам информации, а и впечатокот кој што овде ни се понуди дека со Универзитетот “Кирил и

Методиј" не е разговарано и навистина можеше да се почека да се добие мислењето кое треба да се даде за истапување на членките од Унвиерзиетот и припојување кон нов Универзитет. Токму поради тоа не ја гледам итноста на постапката или доколку беше, навистина ја разбирам добрата волја на Владата, мислам дека нема пратеник овде што не се согласува со мене дека навистина е добро што се основа Универзитето "Гоце Делчев" во Штип, но реков зошто не се земени и направени сите чекори еден по еден онака како што следуваат, онака како што се предвидени со Законот за високо образование и сега да имавме еден многу издржан сеопфатен предлог со подготвен елаборат, со многу сознанија, па дури и да беше разрешен проблемо со овие членки, со дисперзираните студии и со членките како што се Рударско геолошкиот факултет и Педагошкиот факултет, кои имаат догогодишна традиција и веќе работат во Штип.

Исто така, ако имавме еден посеопфатен пристап, ќе можевме да говориме и за научно наставниот кадар кој треба да го имаат, како ќе биеде решен проблемот, затоа што мора да признаеме дека за основање на универзитет и за основање на факултети треба да се исполнуваат одредени критериуми, односно е потребно да има определен број на научно наставен кадар со звања, значи определен број на доктори на науки, определен број на магистри и тие да бидат избрани во научни звања. Значи не е сосема така едноставно да се основа универзитет. Овде имаме кажано дека за тоа ќе се формира матична комисија, меѓутоа, со оглед на тоа дека сето тоа ќе се случува многу брзо, навистина сакам да укажам дека треба да се работи многу внимателно и да се формира кадар кој ќе ги исполнува сите услови и критериуми и ќе може да одговори на сериозноста на задачата која ќе ја има.

Ова беа дилемите кои се наметнуваат кај мене кога го видов овој Предлог на закон, дотолку повеќе што овој закон ни беше доставен во една итна постапка со едно единствено образложение дека тој треба да почне да запишува студенти за учебната 2007/08 година. Се надевам дека забелешките кои ќе бидат овде искажани Владата ќе ги земе предвид и многу сериозно ќе ги разгледа, ќе постапува по нив и ќе може овој универзитет да го добие местото кое го заслужува, односно од него да излегуваат кадри кои ќе можат во голема мера да придонесат за успешен економски, политички и стопански развој на Македонија.

Од ова што досега го реков, без разлика на забелешките, на самиот почеток укажав дека ја поддржуваме идејата за основање на Универзитет во Штип и ЛДП ќе даде поддршка за основање на Универзиетот "Гоце Делчев" во Штип. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор пратеникот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата, почитувани гости,

Денес би се согласил со претходните дискутанти дека се наоѓаме на една би рекол свечена седница каде што треба да донесеме одлука која е важна и долгорочна, која е важна за источна Македонија. Уште еднаш повторувам, ќе донесеме одлука која е исправна, долгорочна и важна.

Отворањето на универзитетот во Штип, заедно со факултетската настава која ќе следи во Кочани, Свети Николе и Струмица, е добар и позитивен чекор. Тоа го спречува одливот на мозоци, понатаму, ги задржува младите во источна Македонија. Оваа одлука е исправна од демографска гледна точка, ги намалува трошоците за студирање и е дел од нашите вкупни напори за развој на источна Македонија, која до сега беше запоставена. 21-от век е век на знаењето и вложувањето во образованието е една од најдобрите инвестиции, која може да ја направи било која држава, а особено вложувањето во врвните образовни институции какви што се универзитетите, факултетите, информатичките факултети и сето она што ќе го имаме како содржина во Универзитетот за источна Македонија.

Би сакал од ова место да им се заблагодарам на сите градоначалници од овој дел на Република Македонија и од минатиот мандат, значи кои беа градоначалници од 2000-та до 2005 година и оние кои што се сега градоначалници, а кои дадоа полна поддршка на овој проект. Уште еднаш ќе ги набројам тие општини, а секако доколку некоја пропуштив би замолил за извинување. Тоа се градоначалниците од минатиот и овој мандат од Штип, Свети Николе, Лозово, Карбинци, Кочани, Чешиново, Облешево, Зрновци, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Берово, Пехчево, Делчево и Македонска Каменица. Станува збор за остварување на сонот и залагањата на десетици и десетици ентузијасти, професори, научни работници од источниот и Југоисточниот дел на Република Македонија.

Во едно би сакал да упатам благодарност до опозицијата затоа што го поддржува овој корисен проект за источна Македонија, независно дали доаѓаат од СДСМ, ЛДП или од други поголем број политички партии.

Би им се заблагодарил на нашите колеги Албанци затоа што имаат сенс, имаат чувство дека се работи за важен проект за иднината на целата држава, особено на источниот дел на Република Македонија.

За што се работи? Се работи за иницијатива која потекнува и всушност својот зародиш го имаше во текот на 70-тите години, со деконцентрацијата на работите кои беа сконцентрирани во Скопје и тогаш се формираше Рударско-геолошкиот факултет, Педагошката академија и Економскиот факултет во Штип, заедно со Институтот за земјоделие во Струмица, Вишата земјоделска школа и Институтот за ориз во Кочани. Понатаму,

дел од овие работи продолжија, дел згаснаа, но имавме континуитет на високо образование во Штип и источна Македонија.

Во текот на 90-тите години беше иницирана работата на Иницијативниот одбор, благодарност и до тие луѓе, кои се залагаа за оваа работа, кои ја образлагаа оваа работа и понатаму имавме даден проект.

Каде ќе биде овој Унвиерзитет? Тој ќе биде во источна и југоисточна, но со значење и за североисточна Македонија. Тука гравитираат 35 поголеми населени места и оваа работа е исклучително важна за нив. Пред малку ги набројав и општините. Колку луѓе живеат тука? Тука живеат 450 илјади луѓе кои сакаат да го фатат чекорот со 21-от век и тоа е сообразно со она што се нарекува број на студенти на еден милион население. Македонија има 2 милиони население, европските критериуми и параметри говорат за 35 илјади студенти на еден милион население. Значи Македонија треба да се подготви за ситуацијата каде што ќе треба да имаме вкупно 70 илјади студенти и отворањето Универзитет е токму во таа насока.

Кој е демографскиот фактор? Демографскиот фактор е особено важен, а јас би рекол и загрижувачки. Ќе спомнам неколку проценти и неколку бројки. Во моментот во источниот дел на Република Македонија имаме 18% намалување на новороденте деца во период само од 8 години. Доколку го погледаме бројот на запишаните во осмо одделение во моментот, ќе видиме дека имаме 5641 дете.

Денес бројот на новозапишани првачиња изнесува 4.625. Значи, за период од само 8 години имаме намалување од околу 20% на децата кои што се запишани во сите овие општини во образованието. Значи, вкупниот број на ученици во основното образование моментално изнесува 45.000, но тој се намалува, затоа што младите заминуваат од Скопје, младите заминуваат за Бугарија да студираат во Софија, младите заминуваат на пример од Виница претежно во Италија, од Струмица претежно во Швајцарија, од Каменица за Словенија итн, заминуваат на сите меридијани, но не остануваат во Македонија. Ваквите проекти се дел од проектите со кои што можеме да го спречиме овој загрижувачки тренд. Сепак огромен број на млади од Источна Македонија го продолжуваат своето образование и со задоволство можам да констатирам дека само 2,4% од оние кои што завршуваат основно образование не одат во средно. Значи, околу 97,6% од младите кои што завршуваат основно образование продолжуваат во средно. Тоа е солидна база за понатаму да имаме солидна факултетска популација, универзитетска популација и тоа е добра основа токму за овој Универзитет што заеднички ќе го изгласаме. Бројот на студентите од Источна Македонија изнесува 402 на високи школи, 13.066 на факултети и 495 млади од Источна Македонија на постдипломски, или на докторски студии. Дел од овие студираат во Скопје, дел во Бугарија, дел во Западна Европа, значи ете го потенцијалот за новиот Универзитет во Источна Македонија.

Што ќе ја карактеризира наставата?

Наставата ќе ја карактеризираат новите образовни парадигми кои што велат дека студентот ќе биде во центарот на вниманието. Студените кои ги завршиле студиите на факултетите во Универзитетот едновремено ќе можат да работат и како универзитетски соработници и како специјалисти на научни институции и во голем број на видни организации и фирми, владини установи, во телекомуникациски фирми, инженерски фирми, финансиски институции, осигурителни, здравствени, културни и образовни и друг вид на институции, агрокомбинати и приватни фирми. Со еден збор, тоа е иднината, иднината е во овие дејности и се надеваме дека ова ќе биде навистина голем чекор, чекор од седум милји со кој што младите од Источна Македонија ќе можат да фатат приклучокот од 21 век, на многу поевтин начин, затоа што студиите во Скопје се навистина скапи. Знаеме кои се економските состојби таму и нормално тоа ќе доведе до намалување на трошоците. Вредно е да се спомене дека тука ќе биде присутен најновиот европски кредит трансфер систем кој што овозможува мобилност на студентот, запознавање на другите култури и другите држави, одење година, или две на страна, но во исто време тие студенти да се вратат во Република Македонија, да се вратат во Источна Македонија во Кочани, во Свети Николе, во Штип, во Струмица и нивното знаење да го спроведуваат токму во овие места. ЕКТС гарантира академско признавање на студирањето во странство, ЕКТС овозможува пристап до редовните студенски програми и учество во академскиот живот во гостинската институција. Исто така, ќе иаме и присуство, односно системот на настава и целата организација ќе биде врз основата на Болоњскиот процес, работа што е присутна во цела Европа. И навистина со задоволство можеме да констатираме дека имаме солидно подготвени наставни програми, соодветно подготвени елаборати, физибилити студии, сето она што е неопходно за организирање на целиот овој тек, односно целиот Универзитет. Ќе имаме Економски факултет, Правен факултет, Земјоделски факултет, Факултет за музичка уметност, особено важно факултет за информатика, затоа што имаме дефицит на информатички кадри и висока здравствена школа. Следствено на она што го кажа заменик министерот за образование како владин претставник согласно залагањата на повеќе пратеници, согласно она што ќе го имаме договор помеѓу универзитетите, таму ќе го имаме и рударско-геолошкиот факултет и Педагошкиот факултет. Планираниот број на студенти согласно просторните капацитети што може да ги обезбеди градот Штип и додека да се создадат можности за изградба на нови универзитетски објекти, како и

техничко-технолошките погодности на факултетите, средношколските центри, медицинските установи и индустриските претпријатија. Значи, околу 4.000 студенти ќе имеме, значи ќе имаме концентрација на луѓето и младите од Источна Македонија токму во овие градови блиску до своите домови каде што ќе можат високо да се образоваат. Јас уште еднаш би ја повторил благодарноста до стите институции, до сите пратеници од Штип и од градовите во Источна Македонија, затоа што имавме голема флексибилност и заеднички ентузијазам за проект кој што заеднички го подржуваме, а кој што е општо корисен. Вкупно во правата година ќе имаме 1005 млади кои што ќе студираат таму, значи навистина една добра бројка, бројка која што ветува. Ќе имаме програми за напредување на студентот, ќе имаме испити кои што ќе бидат реализирани писмено, усно и практично. Понатаму, универзитетот, ова е особено важно, ќе организира центар за странски јазици кој ќе биде задолжен да обезбеди настава за странски јазици на сите единици во составнот на универзитетот. Значи, официјалниот јазик ќе биде македонски, но исто така наставата ќе се одвива по некои предмети на некои од светските јазици: англиски, француски, германски или некој друг јазик. Значи, фаќање на чекорот во современите текови во образованието. Универзитетот ќе има своја национална библиотека, тоа ќе биде националната библиотека Гоце Делчев која што ќе ја преземе улогата на централна универзитетска библиотека. Исто така, секој факултет ќе има своја мала прирачна библиотека. Понатаму, ќе имаме и спортски дејности. Во текот на оваа и следната година треба да се заврши салата која што се гради, од оние 35 во која што ќе можат да се извршуваат спортски активности. Исто така, ќе имаме и едно спортско игралиште, помошно фудбалско игралиште во населбата Сењак. Така што навистина ќе имаме содржини кои што ќе бидат добри и кои што ќе придонесат за вкупниот универзитетски живот. Сретствата ќе дојдат од Буџетот на Република Македонија, но исто така ќе имаме школарина, понатаму продавање на научни и други стручни услуги и производи, авторски права во сопственост на универзитетот, донации, прилози, подароци, сето она што е дел од финансирањето на високото образование. Сигурен сум дека сите заеднички ќе го изгласаме овој корисен предлог. Уште еднаш ќе нагласам, значи се работи за предлог, за проект, за универзитет кој што е важен за цела Република Македонија, но исто така особено за Источна Македонија, регион кој што беше досега запоставен, можеби недоволно развиен, но кој што треба да се развива, на кој што треба да му се даде шанса и на младите луѓе од Источна Македонија едноставно да им ја подадеме раката, а понатаму се надевам дека во иднина тековно ќе ги корегираме проблемите кои што ќе се појават. Но, дека за неколку години, или неколку децении ќе можеме да констатираме дека сме направиле добра работа и дека тој универзитет живее и го помага вкупниот развој на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас би сакала да му се обратам на почитуваниот колега Ѓорчев, навистина она беше почитуван колега што јас го барав во мојата дискусија. Вие ги изнесовте оние бројки и податоци кои што јас ги барав осврнувајќи се на членот 39 и 40 од Законот за високо образование. И кога веќе сте ги имале овие податоци, односно кога веќе Министерството ги имало, не знам зошто не се доставени до нас пратениците, па да можеше нашата дискусија да има и поинаков тек.

Од вашето излагање слушнавме навистина многу убави работи кои што упатуваат на еден поинаков пристап кон основањето на овој униваразитет за разлика од она што ние го добивме како впечаток само со доставување на законот. Вие изнесовте покрај податоците на бројките и опфатноста на факултетите се што ви содржеле, дури спомнувајќи ја и Националната библиотека, како и стручните библиотеки кои што би ги имале факултетите, па се до дел од финансирањето на универзитетите. Во овој случај јас би сакала да обврнам внимание дека токму поради ова што сега го слушнавме од колегата Ѓорчев ќе беше добро овој закон да не оди по редовна постапка, туку да имаме можност сите пратеници да ги добиеме овие податоци од Министерството за образование. И јас би требало во овој случај да ги побарам стенограмите од господинот Ѓорчев, а не стенограмите од заменикот минстер, затоа што како што реков, неговата дискусија со ништо не се разликуваше од она што ни е дадено во образложението на Предлогот на закон. Значи, јас сепак, иако е во фаза која што можеби ќе кажете дека е доцна, би замолила овие податоци од Министерството за образование да бидат доставени до сите пратеници затоа што само на тој начин ќе се укаже достојна почит кон функцијата пратеник.

**Љубиша Георгиевски:** Вашата минута господине Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** И благодарам и на подршката која што пратеничката Роза Топузова Каревска ја кажа во текот на нејзината дискусија и на забелешките. Само би рекол дека формирањето на еден ваков универзитет и спроведувањето на еден ваков голем проект ќе има свои успони и падови, можеби ќе има и проблеми кои што ќе се решаваат ад хок, но се надевам дека со позитивна енергија, со добра волја заеднички ќе ги решаваме и локалната власт и државата власт и онаа универзитетска управа која што ќе ја имаме, а која што ќе суштествува и која што ќе функционира откако ќе се формира универзитетот.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика пратеникот Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Во овој свечен момент заблагодарувајќи се на сите релевантни фактори пратеникот Ѓорчев заборави, или случајно изуми да се заблагодари на претходната влада, бидејќи универзитетот во Штип претставува континуитет на дисперзираните студии кои веќе постојат во Штип и за кои одлука донесе претходната влада. Имено, учебната 2006/2007 година во Штип се запишани 1000 студенти на Штипските факултети. Вие рековте во вашата дискусија дека во 2007 /2008 година ќе бидат запишани 1005 студенти. Бројот е ист, капацитетот е ист, името ќе биде променето и можеби вработените ќе бидат партиски припадници, односно наставно стручниот кадар итн. Исто така, функциите, односно објектите кои ќе бидат ставени за работа на новиот универзитет во Штип планирано е, рековте вие дека педагошката академија која била формирана 1973 година. Не, педагошката академија како Виша педагошка школа во Штип е формирана 1964 година, а 1973 се формирани Рударско-геолошкиот факултет и тогашниот Економски факултет. Ќе бил формиран центар за странски јазици. Па постои во Работничкиот универзитет во Штип изграден во 1966 година кој сега ќе го промени името, постојат курсеви за странски јазици со современи лаборатории. Националната библиотека, Гоце Делчев тоа е всушност народна библиотека Гоце Делчев изградена од месен самопридонес во 1982 година во Штип кој и сега постои, кој и сега ги опслужува сегашните факултети. Така што ЕПП-то во говорот на претходниот пратеник за волја на вистината доколку сакаше да биде малку покритичен и требаше да биде реален. Сите подржуваме оформување на универзитет во Источна Македонија, меѓутоа не е заслуга на оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ, туку е континуиран процес кој трае веќе подолги години.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Прво, би сакал да и се заблагодарам на пратеничката Верица Филипова што во своите најави овие денови во ходниците и во средбите кои што ги имавме дека ќе го подржи овој корисен проект на Владата на Република Македонија, затоа што таа доаѓа од Штип, ги познава приликите таму и едноставно што заеднички со позитивни енергии им приоѓаме на ваквите проекти кои што се, јас би рекол, за општо добро. Ние како ВМРО-ДПМНЕ пред 2, 3 години предложивме проект за формирање на универзитет во Источна Македонија во Штип. Но, климата не беше таква, се имаше волја на некои други места да се отвораат државни универзитети и едноставно ни беше одговорено дека не е моментот. Добро е што сега проценивте дека е моментот и што заеднички ќе го подржиме овој проект. Не се работи за проект на било каква партија, туку напротив, проект на Република Македонија кој што го подржуваат сите партии во Република Македонија. Ви благодарам за подршката, а ова ќе биде само нуклеус за идните содржини кои што ќе ги има во Штип и кои што ќе бидат она што ќе го направи Штипскиот универзитет навистина добар и корисен.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик минстер, почитувани колеги, ќе се обидам да бидам што пократок и да не се поклопувам со искажувањата на досегашните говорници. За да се даде акцент на најпроблематичкиот дел мора да се направи еден краток вовед.

Викокот образование во Република Македонија е на раскрсница. Имено, престојат силни реформи кои што не се присутни кај нас. Секаде во Европа се имплементира Болоњската декларација која што предвидува страшни резови кои што структурно ги доведуваат често пати во конфузија внатрешните структури на факултетите, односно универзитетот. Во еден таков амбиент за да помогнеме, ние доставивме во прва фаза една верзија на Законот за високо образование во кој што се дефинирани, значи оние облигаторни обврски кои што високо образовните институции, односно универзитетите во од ќе треба да ги имплементираат за што побезболно и побрзо да го поминат патот до 2010 година во кој што согласно со обврската која што Македонија ја преземе со потпишување на Болоњската декларација треба да завршат реформите во високото образование. И во еден ваков амбиент кога немаме усвоен закон за високо образование во втора фаза во кој што драстично ќе се подобреше амбиентот, бидејќи универзитетите, барем државните универзитети ќе имаа почиста слика, за жал го немаме. Зошто ова го зборувам како воведно. Да се вратам на самиот текст, на предлог структурата на новиот универзитет. Ќе слушнете аргуметни и за и против во универзитетската фела за студиските програми, односно образовните профили кои што се предвидени во новиот универзитет. Некој ќе праша, зошто уште еден правен факултет, зошто уште еден економски факултет, кога имаме и во државните универзитети солидна застапеност на овие образовни профили, односно студиски програми и кога имаме и во приватните универзитети кои што ги има пет акредитирани во Република Македонија, солидно поклопување на овие образовни профили. Очигледно е дека и во претходните анализи направена е, создадена е една оценка дека интересот во тој регион е прилично висок за овие образовни профили и согласно за она за кое што зборуваме,еве цел ден, со вчерашниот, два дена, за рамномерен регионален развој, разбирливо е дека и во делот на високото образование за помагање на рамномерен регионален развој на регионите во Република Македонија сегментот на високото образование треба да биде еден од столбовите во кои што не само потребите на повисок степен на образование ќе се задоволуваат, туку и од аспект на научна истржувачка работа и нуклеус на интелектуалниот потенцијал во тој регион.

Значи, дискутабилно е за аргументи за или против. Но, јас ова го спомнав, почитуван заменик министер, се надевам дека ќе ме слушате, бидејќи со основање на оваа нова високообразовна институција, знаете и самите дека се задира во интересите на постојните државни универзитети. Тие можат да извлечат една широка листа на аргументи за и против, бидејќи се чувствуваат загорезени во еден простор, во кој што не се до крај дефинирани правилата на игра.

Пак ќе потенцирам, потребно е овој собраниски дом или Владата да направи исклучителни напори што побрзо да го донесеме законот за високо образование, за да се спречат конфликтите на интереси, кои што евидентно постојат.

Ако ги прашате постојните државни универзитети, некои ќе кажат дека голем дел од потенцијалните студенти од Источна Македонија, кои порано ги пополнувале капацитетите, нема да можат да рачунаат на тоа, па заради ова го зборувам од проста причина што пак се враќаме на констатацијата, која што преку амандманот ја искажав. Мораше да биде консултиран Свети Кирил и Методиј, мораше да бидат консултирани и другите државни универзитети. Мораше да добиеме писмено мислење од раководствата на тие институции, за да имаме подобар амбиент и подобар консензус.

Она за кое што се јавив за збор е најосетливиот дел, кој што тие го чувствуваат врз себе, а секогаш се јавува и се јави кога го основавме Државниот универзитет во Тетово. Тоа се финансиите.

Значи, во членот 4 велите: “Средствата за финансирање на дејноста на Универзитетот ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други извори определени со закон”. Значи, на сите им е јасно дека при основање на Универзитетот ќе се влечат значително поголем број на средства во првата година, заради создавање  на оптимални почетни услови за функционирање на Универзитетот. Дали во инфраструктурата, дали во кадарот, дали во нагледни средства, опрема, информатика и тн., она што е неопходно за да се стартува со Универзитетот.

Во првата година, онаа проекција што сте ја направиле од 56 милиони денари, ако не се лажам, ми се чини, мислам дека нема да биде доволна и ќе се доведеме во ситуација, на првиот ребаланс од Буџетот, за кој што мислам дека ќе биде во јуни или во јули, барем според Законот, да побарате дополнителни средства и тоа неминовно ќе се случи. Ако не се случи тоа и ако не го предвидите тоа и јавно не го искажете тоа сега, тогаш незадоволството прикриено кај другите државни унвиерзитети дека им се зема дел од колачот, ќе биде присутно.

Имено, сите знаете дека високообразовните институции и државните универзитети постојано го подигаат својот глас за хроничен недостиг на средства во високото образование. Значи, по проекција само 42% од потребите на средства за државните универзитети ги покриваме од Буџетот. Другото го добиваат од сопствени приходи и тука е најдискутабилниот дел, кој што Владата постојано има отворен дијалог со универзитетите. За да се спречат овие шпекулации дека дополнителни средства ќе бидат земени од буџетите, пред се од Буџетот за високо образование предвиден за постојните државни универзитети, мора јасно да се стави до знаење дека ќе се зголемат средствата во буџетот на Министерството за образование  и наука за програма на високо образование, за дополнителен дел од оној кој што сте го дефинирале во образложението. И, дека тоа нема да биде зафаќање од постојните средства, туку ќе биде дополнително зголемување на буџетската ставка, затоа што ќе имаме уште една институција корисник на државниот Буџет.

Последно, членот 5, мислам дека е дискутабилен. Сега ми е криво зошто не поднесовме амандман да се брише тој член, бидејќи јас ве уверувам дека Институтот за јужноземјоделски култури во Струмица е членка на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”. Проверете го тоа. Тој е самостоен правен субјект кој што е на Буџетот на Република Македонија, како и другите, затоа што при носење на Законот за научно-истражувачка дејност по кој што се јавува основач Владата на Република Македонија на институтите, академското ниво, кое што не е сеуште избришано, почитуван колега, а требаше да биде избришано како предлог, е во новата верзија на Законот за високо образование, но факт е  дека Институтот е сеуште член на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”. Согласно со тоа на претходните искажувања потребно е да се побара мислење и од Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” за овој дел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има реплики?

Китановски Лазар има реплика.

**Лазар Китановски:** Реплика во вид на дополнување, за да не се јавувам повторно, па затоа кратко ќе зборувам.

Дека има потреба од ваква врвна институција во Источна Македонија, тоа е неспорно во регионот. Меѓутоа, мене ми смета брзината и таа некаква таинственост што беше по повод на донесувањето на Законот, а непотребно.

Второ, мислам дека од тоа брзање или пак ненавремено отворање на дискусијата, ние само дуплираме постојните институции во Република Македонија.

Денес, не денес, туку од поодамна во светот се покорисни таканаречените специјализирани универзитети. Универзитети од општ профил не се така атрактивни и не соодветствуваат на современата наука и технологија. На пример, ние имаме дуплирање на Економскиот факултет, на Правниот факултет, на Земјоелскиот факултет и

тн. Мене би ме радувало кога Штип ќе беше првиот експеримент на специјализиран универзитет за определени области, како што ги има во многу развиени земји, освен некои чуени универзитети, како што е Сорбона, на пример, каде што е од општ профил. На пример, денес што е тоа економика? Тоа се историја на економијата и макроекономија. Што е Факултет за информатика? Ајде нека ми го дефинира некој што е тоа електроинжињер или информатичар. Не постои такво нешто. Се е тоа специјализација. Правните студии се нешто подруго, затоа ние имаме смерови, за другите не би коментирал. Идејата ми беше, можеби требаше да се оди со поголема јавност уште пред три-четири месеци, бидејќи неспорно е дека во Штип треба да има таква институција и тоа можеби ќе биде првиот обид на специјализирани универзитети, како што има во светот, на пример Универзитет за уметности, на пример една Полска е позната по Краков, каде што има такви универзитети. Или универзитети за менаџмент или за технолошки науки. Со тоа мислам дека ќе им направевме уште поголема услуга и на младите луѓе во овој регион и на Република Македонија во целина. Така, ќе извршевме концентрација односно веќе од Скопје да студираат во Штип, ако одиме на такви специјализирани универзитети.

За жал, го добивме во петокот попладне односно разбравме за овој предлог и никако не можеше да се интервенира. Меутоа, останува размислување на Република Македонија, на Владата и на ова Собрание, ние полека мораме да одиме на специјализирани универзитети, кои се поефикасни, попрационални и обезбедуваат многу повеќе донатори, отколку било која држава во светот, бидејќи се тие многу ефикасни.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Танчева Тулиева Надица.

Дали ќе се вклопите за шест минути до паузата?

**Надица Танчева Тулиева:** После ручек, затоа што овој период од пет минути ми е краток да се искажам.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, нема да се вклопите за овој период. Предлагате да се искажете после пауза.

Во тој случај, давам пауза до 15,00 часот за ручек.

(По паузата седница продолжи со работа во 15,25 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Пратеникот Танчва Тулиева Надица продолжува со дискусијата, поветеле.

**Надица Танчева Тулиева:** Благодарам.

Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменк министер за образование,

Предлогот на законот за основање на државен универзитет “Гоце Делчев” во Штип што е поднесен до Собранието на Република Македонија од страна на Владата е за поздравување, бидејќи иницијативата долга повеќе од 30 години, конечно ќе се финализира.

Зошто универзитет во Штип.

Статусот на Штип како образоваен центар на Источна Македонија, со усвојување на предложениот закон и иден универзитетски град не е случаен. За разлика од останатите колеги, јас би сакала како пратеник од Штип да позборувам малку за еден историски аспект и да кажам што значи Штип наназад низ вековите во развојот на образовниот процес.

Имено, Штип има длабока традиција во создавањето на образовните институции уште во подалечното минато. Во прилог на ова оди и трудот на професорката Блага Алексова “Епископија на Брегалница, прв културно-просветен центар во Македонија” во кој што таа тврди дека недалеку од Штип, во атарот на село Крупиште се наоѓа градот Ревен кој во повеќе историски извори се спомнува дека 855 година во него започнал мисионерска дејност Константин Кирил филозоф. Тој, таму ја создал првата азбука, глаголицата и со тоа ги поставил основите на словенската писменост. Напишал 32 букви и ги превел Словените во христијанска вера.

Големиот број споменици сконцентрирани на овој простор, укажуваат дека токму овде можеби се одвива првата мисионерска дејност на Свети Кирил меѓу Словените.

Ако се земе ова за точно, може да се заклучи дека првата словенска азбука, глаголицата, практично најпрво била применета при покрстувањето на Македонците токму на овие простори. Затоа, и не е случајно што во понатамошниот период на овој простор ќе се регистрираат повеќе значајни просветни центри.

Интересен е историскиот податок дека во 1690 година во Штип постоеле 11 цркви и 12 училишта. Но, со поразот на Карпошовото востание подигнато од христијанското население, просветниот живот во градот речиси целосно замрел. Подоцна, манастирите, а посебно Лесновскиот, станале главни просветни центри каде се развила познатата Кратовска или Брегалничка книжевна школа што се одвојува со својата редакција.

Како еден од позначајните личности кој во ова време успеал да обезбеди развој на црковно-просветителската дејност е секако Кратовско-Штипскиот владика Михаил, чија што резиденција била во Штипско Ново Село, каде подоцна ќе се случи и ренесанса на образовната активност на Македонскиот народ.

Така, во Штип, првото келијно училиште е регистрирано во 1793 година, а во Ново Село првото келијно училиште било отворено во 1820 година, во рамките на црковната управа. Во 1830 година било отворено првото народно училиште.

Посебно за одбележување е образовната дејност на познатиот учител Јосиф Ковачев кој во 1867 година развил силна педагошка активност

претворајќи го Ново Село во силен центар за образование на учители во кој доаѓале ученици од цела Македонија.

Како резултат на развојот на образованието, во 1878 година во Штип е отворено и училиштето "Свети Кирил и Методиј", а во 1882 година и училиштето "Успение на Пресвета Богородица". Низ овие образовни центри, во Штип како учители работеле: Ѓорче Петров, Даме Груев, Мише Развигоров, Александар Попорушев, Ефрем Чучков и други познати личности од нашата историја, а секако, најпознат учител во Ново Село бил идеологот на Македонското револуционерно движење Гоце Делчев.

Досега, јас зборував за еден историски аспект што е мошне важен за отворање на универзитетот во Штип.

Отворањето на универзитетот во Штип има и економска оправданост. Развојот на човечките ресурси, како фактор за градење на регионалната економија е секако еден од најважните чинители, нормално заедно со другите. Брегалничко-Струмичкиот регион има потреба од новиот универзитет и тоа прашање е веќе потврдено. Економскиот факултет што ќе биде во склоп на универзитетот "Гоце Делчев" ќе развива и ќе реализира многу програми. Меѓу другото и програми за меѓународна економија и здравствен менаџмент. Со еден збор ќе се продуцираат кадри кои треба да овозможат многу побрз економски развој. Отворањето на универзитетот, тоа е битно и од еден друг аспект, односно од културно-научен аспект.

Имено, развојот на образованието, преку Државниот универзитет "Гоце Делчев" во Штип ќе значи и намалување на бројот на студентите кои од овој регион се определуваат да студираат надвор од Македонија, во странство, а дел од нив, поради финансиски причини беа изложени и на асимилаторски притисоци.

Соработката што овој универзитет ќе ја има на меѓународен план, ќе овозможи зајакнување на националниот идентитет на младите во Источниот регион и ќе овозможи да се создаваат научни потенцијали кои и во областа на културата ќе го зајакнат државничкото чувство и одговорноста кон својата иднина.

Добро е за јавноста, исто така да се каже дека до сега, при изготвување на Предлогот на законот за Државниот универзитет "Гоце Делчев" во Штип се испочитувани сите процедури, се испочитувани ставовите и мислењата на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Проектот е разгледан и од Одборот за акредитација итн. Со еден збор сакам да кажам дека се исполнети сите услови за отворање на универзитетот.

Околу просторните услови, сакам да кажам дека исто така се обезбедени и е предвидено дека неколку објекти во Штип ќе бидат во функција на универзитет. Меѓу нив Работничкиот универзитет, Центарот за детско творештво, Домот на Армијата на Република Македонија и зградата во Ново Село каде е предвидено да биде сместен ректоратот.

Колку за информација на јавноста, би сакала да кажам дека во Брегалничко-Струмичкиот регион има над 200 магистри и доктори на науки, а исто така, до сега, аплицирале од цела Македонија за работа на универзитетот над 370 магистранти и околу 100 доктори на науки.

На крајот би сакала да ја искажам мојата целосна поддршка за отворање на Државниот универзитет "Гоце Делчев" во Штип, бидејќи знам дека тоа ќе значи многу за сите нас, за нашите идни генерации и сонот на штипјани, што провејува повеќе од 30 години, знам дека ќе биде остварен. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Танчева Тулиева.

Има збор пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Оваа моја дискусија, што ќе биде кратка, сакам да ја започнам со една процедурална интервенција за текот и водењето на седниците. Не е до вас, ниту до другиот потпретседател, таа е повеќе воопшто за работата на Парламентот, за што е најодговорен, според Деловникот, претседателот на Собранието и пратениците од парламентарното мнозинство.

Дали некој забележува дека ниту една седница на овој Парламент, ниту започнува на време, ниту после паузите продолжува на време. Сега, во 15,00 часот, кога заврши паузата за ручек, 25 минути чекавме на продолжение на седницата. Никој за тоа не е загрижен и никој тоа не го забележува, никој на тоа не реагира. После имаме реакции дека Парламентот бил неефикасен, дека некој го кочел или го блокирал Парламентот. А, владеачкото мнозинство не може да си обезбеди кворум, претседателот или претседавачот на седницата не доаѓа на време да ја отпочне седницата, а ние сме овде како заложници и чекаме да се смилувате, да почнете да работиме. Мислам дека е лошо за угледот, за достоинството на Парламентот. Меѓутоа, очигледно, власта не го третира така Парламентот, само сака да и поминуваат законите и да се измести фокусот на јавноста.

Апсолутно мислам дека сериозно да ја пренесете оваа забелешка и протест на вашите седници на Претседателството на Парламентот за координација и да подразмислите зошто тоа се случува. На крајот на краиштата никој не ни дава нам оправдување или образложение зошто се доцни. Некогаш, навистина има и процедурални причини. Меѓутоа, буквално ниту една седница или никогаш не започнува ова Собрание со работа на време, во 11,00 часот или после паузата во 15,00 часот, паузата за ручек. Денеска се доцнеше 25 минути. Да не должам со тоа, со процедуралната интервенција.

Конкретно околу Предлогот на закон за формирање на универзитетот во Штип.

Пратениците на пратеничката група на СДСМ кажаа јасно и гласно дека ќе гласаме за, дека ќе го поддржиме овој закон, дека е добро што се донесува ваков закон и што се отвора универзитет во Штип. Меѓутоа, моите коментари или забелешки се повеќе од малку поинаква природа, пред се од начинот на кој што Владата го достави во Собранието овој закон, постапката по која што ние го донесуваме законот.

Прво, знаеме дека според Деловникот, во кои случаеви се става некоја точка по итна постапка на дневен ред: ако постојат сериозни нарушувања во стопанството, ако постои загрозување на безбедноста и одбраната, ако постојат други природни непогоди итн, итн. Или, некои вонредни неодложни потреби.

Сега, навистина не знам што е толку вонредно и неодложно, бидејќи кога заменикот министер како претставник на Владата го образложуваше, ја образоложуваше итноста на почетокот на седницава, единствен аргумент за итноста беше “Уписните рокови требало да се запазат за наредната учебна година”.

Дозволете почитуван заменику министре, но тоа воопшто не е никакво образложение. Тоа не е никаков аргумент. Тоа е ваш субјективен проблем на Владата или субјективна слабост што чекала Владата да се доведе во таква ситуација и сега овде да доставувате закон за формирање универзитет со два реда текст. Тоа е срамота. Тоа е под секое ниво за формирање на универзитет, на државен универзитет. Со тоа и самите се омаловажувате, го омаловажувате чинот и настанот што треба да биде транспарентен, треба да биде свечен, кој треба да биде овде поддржан со акламација и со, како да речам, со огромен степен на консензус, затоа што се случува една ваква убава работа.

Меѓутоа, вие покрај мислам дека е непримерно да дадете образложение дека сте се довеле што сте чекале до сега? Кој ја спречувал Владата неколку месеци однапред да започне една постапка во јавноста за која што верувам дека сите во Република Македонија и политички партии и образовни просветни универзитетски професори, работници ќе дадеа поддршка. Никој немаше да биде против.

Ќе дадевте подобро образложение, подобри аргументи, поголем елаборат. Вака се доведовте во ситуација да пратеникот Влатко Ѓорчев имаше одлично образложение што беше многу подобро од образложението на претставникот на Владата на заменикот министер кој го предлага законот. Образложение кое содржеше многу елементи за кое ние не знаевме. Ние добивме половина страница пишан текст од Владата и тоа по итна постапка. Претпоставувам оние неодложни потреби што Деловникот ги бара не се само ради тоа дека за утре во Штип на премиерот му е планирана посета па утре целата владина свита да се појави таму и да си направи своја промоција за отворањето на универзитетот. Веројатно затоа и денеска се брза со итна седница и не треба да се злоупотребува Деловникот на ваков начин да се основа универзитет како да е тоа нешто тајно или срамно. Апсолутно не е на нивото на она што треба да добие еден ваков настан во државата. За уписните роково апсолутно тоа е проблем на Владата.

Значи нема да должам многу, тоа се нашите забелешки во однос на начинот на кои се тера целата оваа работа. Ние безрезервно даваме поддршка, нема тука никаква политичка заднина, меѓутоа Владата не смее да си дозволи да го злоупотребува Парламентот и опозицијата на ваков начин да си ги препишува политичките поени за себе, за една работа која е за вложување како инвестиција во образованието од која корист ќе имаат младите генерации и сите ние во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Има збор пратеникот Александар Спасеновски, повелете.

**Александар Спасеновски:** Благодарам потпретседателе, почитуван министер за образование, почитувани пратеници, дами и господа.

На денешната 37-ма седница на Собранието на Република Македонија пред нас е Предлогот за донесување закон за основање на Државен универзитет “Гоце Делчев” со седиште во Штип. Како што е добро познато со овој Предлог Владата односно Министерството за образование реализира една повеќе од 30 години стара идеја која со различен интензитет со право беше постојано афирмирана од страна на нашите сограѓани, институции и организации од Источниот дел на Македонија, а која конечно ќе стане стварност од 1 октомври оваа година.

Оттаму уверен сум дека проектот универзитет “Гоце Делчев” заслужува поддршка односно прифаќање од страна на сите нас. Имено, кога сме кај образованието односно конкретно кај високото образование уште на самиот почеток се соочуваме со негативната констатација според која едвај 10% од македонските граѓани завршуваат факултети. Овој поразителен заклучок всушност значи дека огромни 90% од граѓаните на нашата држава имаат недооформено основно или пак средно образование.

Ваквата реалност всушност значи дека повеќе од 9/10 од младите Македонци немаат вообличена професионална наобразба која за нив претставува огромна потешкотија да најдат соодветно и добро платено вработување. Во општа смисла пак кога анализираме односно споредуваме нашата држава со европските држави мораме да си погледнеме во очи и да заклучиме дека неквалификуваноста на нашата работна сила е сериозен компаративен недостаток која ја намалува нашата конкурентност во очите на странските инвеститори.

Почитувани, прифаќањето на овој проект преточен во закон подразбира поддршка на фундаменталната цел за зголемување на достапноста на образованието. Изјаснувањето во прилог на предложениот закон ќе значи конкретна поддршка за нашите граѓани од Источна Македонија кои нема да треба да доаѓаат повеќе во Скопје, во Битола, во другите универзитетски градови или да заминуваат во соседните држави за да го остварат сопственото уставно загарантирано право на образование.

Прифаќањето на проектот универзитет "Гоце Делчев" ќе значи и наш придонес кон образовното и научното заживување на овој дел од Македонија. Конечно поддршката на проектот ќе значи и наш придонес кон економското и кон социјалното развивање на овој дел од Република Македонија кој долги години неправедно беше заборавен.

Почитувани пратеници,

Предлогот за донесување закон за основање Државен универзитет "Гоце Делчев" наспроти претходно споменатото во најконкретна смисла на зборот а секој еден студент, жител, компанија или институција во некој од градовите од Источна Македонија ќе ги предизвика и следните афирмативни ефекти. Имено, со овој чекор прво ќе се намалат трошоците за студирање на нашите граѓани од Источниот дел на Македонија.

Второ, ќе се влијае стимулативно во насока на образовно, научно но и економско, социјално заживување на Источниот дел од Република Македонија.

Трето, ќе се влијае во насока на намалување на бројот на студентите кои студираат на некој од факултетите во соседните држави, а особено во Република Бугарија.

Во оваа смисла, како потврда, вистинско место е да се спомене податокот, според кој во изминатите 8 години околу 7 илјади млади Македонци својата академска наобразба ја стекнуваат на факултетите и универзитетите кај нашиот источен сосед што претставува скоро 20% од студентската популација во државата.

Почитувани, апсолутна е согласноста помеѓу, научната, општествената и политичката јавност дека степенот на развојот на образованието во нашата држава е на многу ниско ниво.

Ваквите негативни состојби во голема мера имаат негативен одраз врз повеќе сегменти од општеството.

Имено, знаеме дека растот на економијата во голема мера е резултат на образовната компетитивност на нациите односно на државите. Знаеме и дека намалувањето на невработеноста и зголемувањето на конкурентноста на нашите кадри на европскиот пазар на трудот меѓу другото е детерминирана и од степенот на нивната стручна подготвеност односно образованост.

Меѓутоа, исто така знаеме дека состојбата во Република Македонија на овој план не е воопшто розова. Македонските граѓани заради различни причини во изминатите години не успеаа во доволна мера да се приспособат на современите образовни трендови. Со тоа во значајна мера се придонесе за стагнирање на нивото на вработувањата, стагнација во развојот на економијата и секако намалениот интерес на странските инвеститори за вложување во нашата држава.

Во таа смисла овој чекор треба да се свати како реализација на една благородна идеа која заедно со проектите на Владата за изградба на најмалку сто нови училишта преку т.н. јавно приватно партнерство за привлекување на познати светски универзитети да отворат свои департменти во нашата држава, како и ангажманите за реновирање на постојните студентски домови и започнување со изградба на нов студентски дом во 2008 година треба од Република Македонија да создадат цврсто образовно јадро кое ќе може да одговори на новите предизвици на денешнината.

Оттаму, водејќи се од изнесените аргументи, ќе гласам за Предлогот за донесување по итна постапка на закон за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" со седниште во Штип. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасеновски.

Има збор пратеникот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Почитуван заменик претседател, почитувани пратеници,

Излегов на говорница се со цел за да и оддадам почит на овој значаен настан за народот во Македонија каде во 2007 година една Влада раководена од коалицијата ВМРО и ДПА отвора уште еден нов универзитет во Република Македонија. Ми причинува чест дека минситерот во Владата на Република Македонија е албанец кој отвора еден универзитет каде ќе учат идните поколенија во Македонија.

Исто така ми причинува задоволство времето кога се отвора овој универзитет затоа што факт е дека оваа година оваа Влада реагираше на Државниот универзитет во Тетово кој се имплементира на погрешен начин во 2004 година, 10 години откако се направи првата иницијатива за отворање на албанскиот универзитет во Република Македонија.

Овој закон и овој начин на поставување на законот ме враќа 10 години назад во 1994 година каде предводниците на албанското образование во Тетово, во Македонија и Западна Македонија се потрудија на илегален начин на тајни места да изготват програми за образование на факултетите на тој универзитет кој во 1994 година по отворањето со перипетии на крајот стана Универзитет, но илегален и, за жал наместо да тече боја од пенкалата на студентите и професорите, таа година течеше крв од студентите на Тетовскито универзитет кој се основа во 1994 година. Убија еден човек Африм Сељаменини кој излезе да даде глобална

поддршка на Универзитетот и на мирен начин да го направи тоа. Но, имаше големи воени и полициски сили, го убија човекот, го осакатија тоа население кое 10 години по овој настан успеа на еден начин да го легализира тој Универзитет. Но, од 12 факултети кои се формираа во тоа време, кои се развиваа во тоа време, кои формираа образовен кадар, се формираа магистри, доктори на науки во 2004 година 8 факултети се избришаа од оваа програма.

Жалам и срцето ми плаче за тие 500 студенти кои отидоа некои во Бугарија, некои во Приштина, некои во Тирана, некои во Германија, а зошто? Затоа што се на Универзитет кој го редуктираа во голема мерка, во Тетово не може да има 12 факултети, туку 4 факултети колку да ги затвориш и отвориш очите. Направен е пропуст и тоа по т.н. конфликт од 2001 година.

По овој период од 2004 година ДУТ не се наполни со професори, со асистенти, магистри, туку се наполни со насилници, команданти кои вршеа притисок врз професорите за да им дадат оценки на студентите. Почнаа да излегуваа необразовани кадри, почнаа да излегуваат кадри со насилство и овој лош тренд, за среќа, оваа година во 2007 ја прекина ДПА со коалициониот партнер ВМРО-ДПМНЕ.

Оваа коалиција најде алтернативен начин откако увиде дека 8 години не попушти старата комунистичка структура во ДУТ за да се направи редовно пробивање, да се стават на здрави колосеци сите активности се обиде на приватен начин да го имплементира УИЕ - Штуловиот универзитет кој се развива до денес и на кого му завидуваат сите земји на Балканот. Кој го видел и посетил, кој одржувал предавања му останала желбата да дојде уште еднаш или да отвори еден таков Универзитет во нивните земји.

Гледам дека во Штип се отворени неколку факултети. Отворен е Економски факултет, Правен факултет, Земјоделски факултет, Факултет за музичка уметност, Факултет за инфорамтика и Висока здравствена школа.

Од министерот за образование би побарал што побргу на овој Универзитет да се додадат факултети кои недостасуваат или факултети кои се на Скопскиот Универзитет. Говорам за Медицинскиот факултет кој треба да биде и во Штип. Нема потреба студентите од Источна Македонија да учат во Бугарија, кои ги ценам, но не знаеме како ги даваат испитите во оваа земја. Подобро е да се блиску до тебе, да бидат во твојата држава, во твојот град да знаеш каков квалитет се и како ќе дипломираат и така ќе биде посигурна услугата од тие студенти за кои знаеш на кој начин имаат завршено соодветни факултети.

Ова го велам сугерирам министерот за образование и актуелната Влада пред да и заврши четиригодишниот мандат да воведе и други факултети кои недостасуваат, посебно Медицински факултет и Стоматолошки факултет од причина што во Македонија имаме само еден Медицински факултет и еден Стоматолошки факултет. Евидентно е, јавна тајна е дека на Факултетот по медицина многу малку се предава настава. На клиниките многу малку има наука, бидејќи, за жал, имаме голема корупција. Имаме условување на студенти од различни региони од Македонија и надвор од Македонија за полагање испити да плаќаат, а приватните испити се дискриминирани до таа мерка што студентите ако сакаа да се запишат на медицина треба да учат, но и да дадат 5-10 илјади евра. Тоа треба да го спречиме, тоа треба некој да го пријави. Ние слушаме и гледаме наш комшија или пријател дал пари и се запишал на Медицински факултет. Што повеќе конкуренција на факултетите, на универзитетите во Република Македонија, ќе имаме квантитет, а со квантитетот ќе имаме и квалитет. Албанскиот народ вели да отвориш едно училиште да затвориш еден затвор. Овде ќе ви кажам да отвориш еден универзитет да затвориш 10 затвори.

Во Република Македонија населението е многу малку образовано со високо образование. 7% од населението е со високо образование. Од 2 милиони жители 7% значи 140 илјади граѓани имаат факултетско образование. Ова за една држава, за една нација како Македонија е голема катастрофа, една голема болка, бидејќи и земјоделецот треба да има факултет и тој кој го сее расадот треба да има факултет, тој кој произведува патлиџан, пипер, треба да има факултет. Треба да знае најдобро од сите нас како да ги посее тие култури, каков ќе биде нивниот производ и како треба да се хранат овие земјоделски култури.

Не треба да се потценат факултетите, како што некој кажа дека се минорни, а дава предност на медицината некој на Стоматолошкиот факултет, а некој на инженерството. Земјоделието, рударството и многу други се запоставени. Овие работи не треба да се дозволат, но за среќа, оваа актуелна Влада, како што реков претходно, по се изгледа оди само напред по насока на порастот на образованието. Во 2000 година го отвори Штуловиот универзитет, во 2007 година ги направи реформите во ДУР и да даде Господ и да има политичка волја овие редуцирани факултети на Тетовскиот универзитет да се вратат што побрзо таму каде што беа во облик и начин, во согласност со Законот и научните причини. Албанците веќе не се во 19 век за да ги чистат подрумите по Белград. Албанците се издигнати над нивното ниво, тие одат напред, но заедно со Македонците. Еден Албанец кога се сретнува со еден Македонец во Загреб, во Словенија, во Германија имаме албански кардиохирурзи и тоа многу добри кои денеска во Македонија отворија клиника. Таму каде се среќаваат се борат со вредности и даваат пример на земјите каде живеат. Таму можеме да одиме многу напред, а зошто овде не можеме да одиме напред.

Ова е пофалба на оваа Влада и голема критика на поранешните влади кои го редуцираа

албанското образование и образованието во целина.

Пратеничката група од ДПА ќе подржи секоја иницијатива и со голема желба и волја ќе го изгласа овој закон. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рамадани.

За реплика е пријавен Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе,

Навистина мислам дека дискусијата на колегата Агим Рамадани беше навистина впечатлива дискусија која беше искрена и дискусија која говори за она што заеднички го градиме како општество на рамноправни граѓани.

Се согласувам, навистина е силна пораката, навистина е интересна симболиката каде 2000 година министер македонец од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, условно кажано, го отвора Универзитетот на Југоисточна Европа -Штуловиот универзитет во Тетово, а каде условно кажано министерот од ДПА Албанец го отвора заедно со целиот владин тим Универзитетот во Источна Македонија во Штип.

Уште еднаш ќе кажам, тоа говори за довербата која ја градиме и за една филозофија која говори колку е подобра економијата и вкупниот живот во Дебар или во Гостивар толку ќе биде подобар во Штип, Кочани или Струмица. Вкупното подобрување на состојбите во Република Македонија зависи од секој град поединечно.

Она што предмалку го кажав со благодарноста кон градоначалниците од Источниот дел на Македонија од сите општини без разлика дали се големи, мали, позициони, опозициони и слично, што го кажав и за владиниот тим, тоа го кажувам и за министерот Сулејман Рушити кој заедно со својот тим и со луѓето кои беа вклучени во оваа работа навистина направи добар проект, проект кој ќе го паметат многу македонски граѓани и проект за кој едноставно генерации и генерации следни дипломци на Штипскиот Унивезитет ќе раскажуваат.

Уште еднаш ќе кажам ова е свечен момент и имавте впечатлива дискусија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ѓорчев.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Потпретседателе, уважени колеги пратеници,

Се радувам според реторичките правила велат дека во држава во која се отвора универзитет се создава еден сериозен цивилизациски поредок. Навистина тоналитетот на денешната седница има свечен карактер и од страна на позицијата и од страна на опозицијата и тоа треба да продолжи така.

Како доцент на Факултетот за драмски уметности во кој предавам на класата во која имам и турски студенти, една од турската етничка заедница, предавам на албанци, на македонци и предавам еден предмет кој е навистина многу интересен, тоа е Правоговор на Македонскиот литературен јазик.

Жалам само за една работа во Предлог законот како предметен наставник, жалам за следното:

Прво жалам дека е по итна постапка што можеби анализите кои ќе ги  добиевме,како што кажа господинот од СДСМ професорот Лазар Китановски дека во иднина трендот во образовните институции ќе биде специјализирани факултети. Тоа значи дека веднаш во императивна форма ние во овој момент ќе добиеме нешто што за прв пат ќе се случи во Македонија, а тоа значи дека државните универзитети ќе добијат за прв пат свој елитистички карактер. Се друго што е од типот на приватен универзитет веќе ќе го нема тој тренд дека е поскап, дека е најдобар, дека е елитен и т.н.

Особено вториот момент, а тоа е економскиот на родителите кои ги испраќаат своите студенти на факултетите, особено во делот на Источна Македонија ќе им помогнеме нивните деца да студираат токму таму.

Конечно имаме обистинување на исказот на Гоце Делчев, а тоа е конкуренција во културата, тоа значи конкуренција во знаењето.

Жалам само за еден момент, а тоа е кај Факултетот за музичка уметност. Бидејќи анализите на Факултетот "Кирил и Методиј" укажуваат на следното дека во Македонија и тоа како недостига културолошки студии. Можеби, ако имавме достатно доволно време ќе беа тоа факултет за културолошки студии во кој и тоа како недостига кадар за библиотекар, значи стручenкадар за факултет за библиотекарство, односно катедра за библиотекарство, недостига дел за креативно пишување што особено укажува во анализите на Филолошкиот факултет реторика, омилитика и бидеќи е Штип "Мал Манчестер" особено ќе недостига кадар за модерен дизајн и тоа како имаме кадри кои се упатуваат некаде 25% се токму девојки и момчиња од Штип кои ги посетуваат елитните факултети на универзитетите во Италија.

Едноставно мислев дека ако имаме време и на Комисијата за образование и со дополнителни анализи ќе можевме Факултетот за музичка уметност секако да остане факултет за музичка, но ќе можевме да имаме во еден друг контекст, а тоа да биде факултет за културолошки студии во кој ќе можевме да ги вметнеме и овие катедри.

Благодарам и уште еднаш сметам дека е ова силен аргумент за Владата и за Собранието. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиновска.

Сега збор има госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Колку е пријатно чувството кога сме на полето на образованието сите единствени и кога размислуваме сите во една насока која практично значи прогрес во образовниот систем и подобрување на истиот односно истиот претставува еден фундамент на кој се темели натамошниот развој на Република Македонија.

Пред нас е еден Предлог за донесување на закон за основање на Државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип и во тој Предлог на закон можат да се погледнат кои факултети практично го сочинуваат тој Универзитет.

Листата на факултетите што е предложена во состав на Универзитетот "Гоце Делчев" со седиште во Штип е таква каква што е предложена.

Се согласувам дека доколку имавме поширока расправа по Предлог законот за основање на Државен универзитет, можеби ќе се донесеше некоја констатација или заклучок дека можеби треба уште некои дополнителни факултети, односно профили да се инкорпорираат во рамките на овој Универзитет, но она што значи надградба на Универзитетот, надградба на студиските програми, тоа што се случува, тоа е динамика во образовниот процес и се што значи проширување, не значи дека не може да се стори и понатаму во рамки на Универзитетот.

Понатаму во однос на тоа, ако направиме една анализа, како територијално се распределени, односно поставени универзитетите сегашни во Република Македонија, може да се констатира дека во Западна Македонија имаме два државни универзитети, што е во ред, но на некој начин имаме рамномерен територијален развој во сферата на образованието и добро е што поставеноста на овој Универзитет "Гоце Делчев" е токму во Штип. Со тоа практично се имплицира, односно настанува процес на развој на образовниот систем и во источниот дел на Република Македонија, а истиот тој развој, секако дека ќе продуцира и други развои во овој регион на Република Македонија.

Добро е што во Штип и во другите градови имаше дисперзија на високото образование и добро е што дисперзијата на високото образование, практично завршува со едно заокружување на тие дисперзирани студии како Универзитет. Затоа што сепак, квалитетот на едукацијата на кадрите е многу повисок кога имаме форма Универзитет, отколку дисперзирани студии од некои факултети, кои што се на територијата на Градот Скопје и во другите градови, бидејќи сепак станува збор, кога се формира универзитет веќе знаеме дека таму има професори, наставници,соработници вработени во редовен работен однос , кои што ќе бидат постојано достапни за студентите, што е голема предност во однос на она што значи дисперзирани студии кога наставниците и соработниците практично се присутни само во еден ден во текот на неделата. Тоа е огромната вредност во тој поглед.

Понатаму, многу е важно што со отворањето на овој Универзитет во Штип, практично се зголемува конкуренцијата на високо образовните субјекти, што се под државна капа, а тоа придонесува за зголемување на квалитетот во едукацијата.

Во контекст на тоа беше идејата за донесување на законот за формирање факултет за бизнис администрација и менаџмент во информатичките технологии која што беше на денешната седница под реден број 2 како точка од дневниот ред, за која се надеваме дека ќе биде скоро на една од наредните седници, бидејќи истата интенција е да се зголеми конкуренцијата во образовната сфера и да се подобри секако, на тој начин квалитетот во образовниот систем.

Инаку, би кажала дека за сигнификантноста на новиот Универзитет во Штип се согледува во неговиот придонес од економско-социјален аспект. Посебно, тука ќе го нагласам аспектот на зголемувањето на конкурентноста во високо образовниот систем во Република Македонија. При тоа, се разбира дека треба да се имаат предвид Болоњската декларација, која што апелира на подобрување на квалитетот на едукацијата и европскиот кредит трансфер систем. Јас сум сигурна дека Република Македонија бидејќи е потписник на Бољонската декларација и бидејќи е веќе во фаза имплементирањето на кредит трансфер-систем во нашиот образовен систем, сметам дека на тие принципи практично, ќе се гради овој нов Универзитет во Штип.

Гледано од сите овие аспекти кои што јас ги спомнав, сметам дека оваа иницијатива, односно овој проект на Владата е поддржан и од нашите министри, поддржан е и од пратеничката група на НСДП и се што значи развој на образовниот систем, а кој што имплицира други развои во Република Македонија ќе биде поддржан и е поддржан и посакуваме многу успех во работењето на овој Универзитет. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Секуловска.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска-Ѓоргиевска.

**Мери Младеновска-Ѓоргиевска:** Почитуван потретседателе, почитуван господин заменик министер, почитувани пратеници,

Бидејќи не се јавив за дискусија меѓу првите дискутанти, имав можност да ги слушнам колегите од најголемата позициона партија и од нивните коалициони партнери и од оние што ја поддржуваат Владата, како и моите колеги од опозицијата, па можам да заклучам дека во некои работи се согласуваме.

Значи, неспорно е дека пратениците во Парламентот ја поддржуваат оваа идеја да се формира универзитет во Штип, но аутретантос, што би рекол претседателот на Собранието, иако во моментот не е тука, може да заклучиме дека коалиционите партнери, а и партиите што ја поддржуваат Владата не се задоволни, или дури би рекла се загрижени со тоа Што овој закон ни го нуди по итна постапка. Навистина, како и многу пати досега, можам да констатирам дека се прави

злоупотреба на членот 175 став 2, па под вонредни и неодложни потреби, секогаш кога на Владата нешто ќе и биде потребно, подведувајќи го под ова образложение, може да ни понуди се да работиме, да одлучуваме и да носиме закони по итна постапка.

Сметам дека прашањата за основање на универзитети, воопшто прашањата за образованието и на најмладите кадри и на оние кои што се на факултет, треба да бидат разгледувани на сосема поинаков начин, за да може Собранието како законодавен дом, навистина да одлучува овде мериторно со претресување на сите аргументи за и притов.

Повторно се случува колеги пратеници, наместо Владата да биде извршна власт и Собранието да прави надзор над работата на Владата, Собранието да се претвора во извршен орган на Владата. За тоа одлучуваме за жал, сите овде заедно, а најмногу колегите од парламентарното мнозинство и ако тие не направат нешто да се подобри угледот на Парламентот, тој ќе остане ваков каков што е, или ќе паѓа уште подолу. Значи, треба дефинитивно да сфатиме дека ние сме законодавниот дом и дека ние ги носиме одлуките и кога одреден закон ќе биде донесен, тогаш одговорноста за тој законски текст ја нема подносителот на законот, туку ја има Парламентот, бидејќи Парламентот го изгласал законот.

Веројатно и носењето на овој закон по итна постапка е поради некоја потреба на Владата, веројатно од маркетиншки карактер што станува вообичаено, но тоа ќе го видиме. Инаку, не гледам причина зошто би ја прекинувале седницата на која што разговаравме и расправавме за потребата од донесување закон за рамномерен регионален развој за кој имаше голем интерес од страна на колегите за дискусија, на која што седница следи законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, потоа следи законот за соработка со Хашкиот трибунал, за кој Владата многу пати најавува дека и е интерес прашањето со Хаг, но никако да стигнеме до тоа прашање, но тоа е ситуацијата со која што се соочуваме. Велам, ќе видиме од кои причини Владата по итна постапка го достави оној закон.

Значи да повторам, како што спомнаа моите колеги од СДСМ дека ние ќе го поддржиме овој закон, затоа што и претходната Влада направи многу, презеде многу активности, но не се согласувам дека треба априори, да се согласиме дека ова понудено решение е најидеалниот предлог.

Факт е дека постои голем интерес за овој закон, прво кај граѓаните во Штип. За оние што имаат интерес да го продолжат средното образование на овој Универзитет што би се формирал, нивните родители, нивните блиски, мислам дека постои интерес кај сите оние што гледаат можност за подобра работа во институциите каде што работат, доколку приливот на млади се зголеми во Штип. Исто така, верувам дека постои интерес и во околкните градови кои гравитираат околу Штип, чии што млади жители би го продолжиле школувањето на овој Универзитет и ние, тргнувајќи од тој интерес треба навистина, серопзно да ги разгледуваме овие прашања, за да може да одговориме дали тие очекувања што постојат кај овие лица, ќе бидат адекватно задоволени од начинот на кој што е предвиден да функционира овој Универзитет. Дали ќе биде задоволен и квалитетот на образованието. Прво, дали потребите според овие предвидени факултети ќе биде задоволителен и дали ќе биде задоволен квалитетот на студиите, за да може на младите кои ќе студираат на овој Универзитет да им биде овозможено да конкурираат соодветно на пазарот на трудот, дали ќе го добијат образованието квалитетно, за да можат да конкурираат на пазарот на трудот, или ќе се случи нешто сосема поинаку, што сметам дека не е ничии интерес.

Овие свои размислувања, или пак загриженост се аргументира со начинот на кој што ни е даден законот со образложението дадено на две страни.

Јас ќе прочитам кои факултети се предвидува да се основаат: Економскиот, Правниот, Земјоделскиот, Факултетот за музичка уметност, Факултетот за информатика и Високата здравствена школа. За дел од нив има досега дисперзирани студии. Но за да одлучиме дали навистина тие дисперзирани студии дале квалитет, потребна ни е одредена анализа, да видиме што е направено за изминативе две години, како што функционираат тие дисперзирани студии, како Економскиот, Правниот факултет, за да може да кажеме дали било тоа добро, дали не е потребно нешто да се смени, за да знаеме каква одлука да донесеме.

Исто така, за мене е несериозно Владата да интервенира со амандмани, заборавајќи во текстот на овој Предлог закон да го внесе Рударско-геолошкиот факултет и Педагошкиот факултет во Штип. Значи, институции што функционираат 30 години во Штип. Дали е од незнаење, од немање време, од брзање, реков тоа ќе го видиме дополнително која е причината за која толку многу се брза. Но вакви две институции кои што се реномирани во Република Македонија сметам дека заслужиле повеќе внимание. Наместо тоа , денес на седницата за нив овде се интервенира амандмански. Исто така јас потрептседателе верувам дека на колегите, овие што дофрлаат им е здодевно, но јас ќе го искористам своето право на дискусија, а има начин како вие да интервенирате.

Ќе прочитам, тоа што е наведено во образложението. Како оправдување за тоа зошто се предлага воведување на Економски факултет. Образложението е дека долги години во Штип постоел Економски факултет. Мислам дека тоа е најмалку нешто Што би можело да се напише, да се аргументира потребата за дел од овој Универзитет да биде Економскиот факулет. Исто

така, наведено е дека на почетокот на своето работење, Економскиот факултет ќе реализира неколку програми, меѓу другото и програми за меѓународна економија. Што е тоа меѓу другото? Ние овде сме Парламент и треба да знаеме и предлагачот да ни каже што е тоа меѓу другото бидејќи документацијата што се доставува овде до Собранието не е нешто од информативен карактер, не сме ние медиум па нешто да ни се презентира од информативен карактер за да бидеме запознаени. Туку треба, тоа што го имаме и што ни се нуди да биде аргументирано и образложено.

Исто така аргументацијата за Правниот факултет е голем интерес за правните науки што постојат во државата. Дали тоа е доволен основ да утврдиме дека е потребен токму Правен факултет во Штип. Сметам дека апсолутно не е.

Во однос на Земјоделскиот факултет, исто така се наведува дека една од програмите ќе биде и агро менаџментот. Кои се тие други програми? Ние треба да знаеме што е тоа што се нуди. Ако предлагачот во моментот не знае што е тоа што ќе го работи, а овде ни предлага закон во итна постапка, поради неодложни потреби, сметам дека тоа треба да биде во образложението. Точно да знаеме тоа што се нуди, кои се тие програми што ќе се реализираат.

За Факултетот за музичка уметност, мислам дека ова е посебна приказна тука што се наведува. Во образложението стои дека во Штип постои долгогодишна традиција за негување на музичката ументност. Дали е тоа доволно да се формира Факултет за музичка уметност. Каде е овде анализата и воопшто од работата на Факултетот за музичка уметност во Скопје како наоѓаат работа. Како ги продолжуваат студентите студиите, како се оценува квалитетот на нивното студирање. Точно е дека во однос на дувачки инструменти има традиција во Штип, но дали ќе сес студира само во оваа група. Или пак Факултетот за музичка уметност ќе биде и во некои други струки. Дали има доволно кадри во Штип. Од каде ќе се носи кадарот, заради тоа што да не заборавиме дека ова е специфична област, каде што е потребно постојано контактирање меѓу студентите и професорите. Се работи во групи, во помали групи, постојано се следат студентите. Ако такви кадри нема во Штип, мора да знаеме од каде ќе сеносат тие кадри и дали ќе се гарантира квалитет, за разлика од другите студии кога е можно да доаѓаат еднаш, два пати во неделата, да се од други градови и подалеку. Во однос на музиката, такво нешто е невозможно. Тоа ќе влијае негативно на кадрите што ќе бидат едуцирани. Реков дека требаше да ни биде доставена една анализа и за работата во Скопје за проблемите со кои се соочува Факултетот, за начинот на кој се дуплираат кадрите, а и пратениците да имаме можност да разговараме со наши студенти што го продолжиле школувањето во странство, за да може да ги констатираме точно проблемите со кои се соочуваат.

Лесно е на крајот да кажеме дека некому сме му дале диплома. Еве и во сферата на музиката дека некој ќе биде професор или музичар на одреден вид инструменти. Но што ќе прави понатаму со таа диплома. Каков квалитет ќе му гарантира таа диплома.

Потоа, Факултетот за информатика. Потребно е подигнување на информатичко образование на населението и од друга страна ќе се вклучат како специјалисти во општествените институции. Значи, тоа е наведено како аргументација, ќе се вклучат како специјалисти овие информатичари во сите општествени институции. Ова е резултат можеби со тоа што дисперзирани студии постојат сега за информатика. Но, дали може ова да се дели од останатиот дел од студиите за информатика. На кој начинќе се прави тоа? Кои кадри ќе го прават тоа? Нема ништо во образложението. Се е оставено да го донесеме прво законот како нешто што е итно, а потоа да се изготвуваат програми и итн, тоа е веќе друго прашање, па Владата ќе размисли како ќе постапува и кога ќе постапува. Всушност во образложението немаме никакви рокови. Јас навистина, ќе ја прифатев таа аргументација за неодложни потреби, ако во самото образложение имавме рокови во кои што ќе се формира матичната комисија која ќе биде задолжена за подготовки за почеток со работа на Универзитетот. Но такво нешто нема. Никакви рокови, ништо обврзувачко. Реков, потребата е некоја друга.

Исто така за Високата здравствена школа што се предлага. Навистина, се чудам на ова образложение во кое што е наведено дека здравствените работници со завршена висдока здравствена школа ќе бидат оспособени самостојно и компетентно да им пружат здравствена заштита на болните и повредените. Навистина, не сум лекар, меѓутоа, од тие малку познавања што ги имам, мислам дека несериозно е со вакво образложение да се претендира да се добие поддршка од пратениците дека токму Високата здравствена школа е нешто неопходно што е потребно во Штип.

Со ова што го кажав само сакам да потенцирам дека понуденото решение е без аргументација за што одговорност, бидејќи се брза, Владата брза во оваа процедура да го протурка во итна постапка, ќе падне на нас пратениците, но бидејќи ние знаеме на каков начин се носи овој закон, одговорноста ќе треба да си ја преземе власта и владеачкото мнозинство од тоа што ќе се случува во иднина. Верувам дека и многумина со нетрпение го очекуваат овој чин.

Сите ние ќе бидеме радосни ако придонесеме да биде задоволена потребата од ваквиот закон. Но реков, младите заслужуваат да добијат задоволување на потребата на квалитетен начин, за да може понатаму своите дипломи да ги употребат, за да можат самите да грижат за себе,

за својот живот, за својата иднина, а не нешто спротивно.

И, да повторам уште еднаш, јас ќе го поддржам овој закон и се надевам дека овие укажувања, што ги има во мојата дискусија, ќе им послужат барем на Владата на предлагачот што е можно поскоро да излезе со материјал што ќе биде адекватно подготвен за да може Матичната комисија посериозно и понавреме да ги преземе активностите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Младеновска.

За збор се пријави господинот Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитувани претставници на Министерството за образование и наука ,

Се јавив за збор по однос на оваа точка од дневниот ред, односно единствена точка на дневниот ред, бидејќи другата точка е повлечена, а воедно доаѓам од образованието и сакам да кажам збор - два по однос на, ајде да речам, оваа голема и убава работа Предлог на закон за основање на државен универзитет во Штип. Иако можеби, колегите пратеници од претходниот состав помнат дека во 2005 година, во тогашниот парламетнарен состав, исто така се расправаше за една ваква иницијатива, една ваква идеја. Меѓутоа, тоа беше тогаш иницијатива, идеа, предложена од група пратеници и во тој момент не наиде на поддршка од тогашното парламентарно мнозинство. Еден од тие кој не даде поддршка бев и јас, да бидам искрен, пред самиот себе и пред сите вас и пред македонската јавност. Со тоа, треба да признаеме дека и тогаш, како и сега, во овој состав, на многу пати си ја девалвиравме самите нашата работа како пратеници.

Но, за жал, секогаш се водиме по однос на мислењето што го дава Владата. Во тој момент, тогашната влада имаше негативно мислење, односно негативно видување по однос на тој проект. Ако се присетам добро, имаше одличен елаборат, поднесен од тогашните колеги пратеници. Одличен, говорам, одличен елаборат, издржан, со потпис на не знам колку, над 35, нека ме исправи некој ако точно го има тој податок, над 35 реномирани универзитетски професори од Република Македонија, кои даваа шанса и значење на тој проект. Но, за жал, тогаш, јас и тоа парламентарно мнозинство не гласавме за.

Сега, условите се поинакви. Овој предлог го дава Владата на Република Македонија. Можеби, стои дека требало да има поиздржана анализа за ова законско решение пред нас, но сега, бидејќи признав, тогаш не гласав за, сега ревидирам, за прв пат во мојот живот го напуштам принципот и ја ревидирам таа моја одлука од тогаш. Сега ќе го поддржам овој проект, бидејќи и мојата пратеничка група се изјасни за тоа.

Гледам, всушност и оние пратеници кои имаат всушност издржани критики и некои препораки и насоки по однос на овој проект, кажаа дека ќе гласаат за. Значи, во принцип, климата во моментот во Собранието е дека овој законски проект ужива доверба и поддршка од сите пратеници, од сите пратенички групи. Тоа е добро и тоа е за поздравување.

Искрено мислам дека е добра работа да се дозволи во Република Македонија да има поголема можност, поголема шанса за нашите средношколци да можат да се запишуваат во образовни установи. Дали се тоа, ако сакате, согласно Законот, приватни или се државни. Нормално, зависи од џебот, зависи од материјалната ситуација на секое семејство пооделно да се определи своите деца да ги школува дали на приватно, дали на државна високо образовна институција. Затоа мислам дека е добро, односно оваа идеја, овој проект денеска, од утре па натаму, како што и во самиот проект се кажува, бидејќи е врзан со одредени рокови, да заживее и да добие своја шанса во пракса, да може од наредната учебна, односно студиска година, веќе да се запишуваат студенти на овој нов државен универзитет со дури 6 факултети или насоки.

Но, јас, тогаш, кога се решив проектот на групата пратеници во 2005 година да не го поддржам, се поведов од тоа дека тогашната влада дозволи, на некој начин, дисперзирани факултети во Штип, најверојатно за да ја покрие таа идеја, таа иницијатива. Во тогашната дебата и тогашните написи во јавноста се пишуваше дека на еден од дисперзираните факултети во Штип, од можните 500, ова го говорам како податок, уписни места, се пријавиле, или за можните уписни места, се пријавиле само 200 студенти. Што говори дека можеби во тој момент и немало некој голем интерес и покрај мислењето на тогашната влада, што би било дополнителен податок да размислуваме и во таа насока. Јас и тогаш и сега размислувам дека пред се, нашите средношколци од внатрешноста, ако сакате така да ги наречеме, имаат желба, имаат интерес да студираат во главниот град на Република Македонија, бидејќи мислат дека тука имаат простор да добијат поголема шанса и да успеат во животот. Впрочем, за тоа се уште трае дебатата за регионалниот рамномерен развој, за законот што го носиме, што треба да овозможиме останатите региони од Република Македонија да се развиваат рамномерно, па и во насока на едукација, на образованието.

Затоа е добро што еве и јас и дел од колегите пратеници кои бевме во тогашниот парламентарен состав ја ревидираме својата одлука. Денеска, се решава, се решавам на таков чекор да дадеме таков чекор позитивно да се изјасниме за овој проект, односно да гласаме за, увидувајќи притоа дека можеби тогашната наша одлука не била исправна.

Само уште еднаш сакам да апелирам и до Владата на Република Македонија, еве и до претставникот на Владата кој е денеска тука да го

брани овој законски проект, да, пред се, во понатамошната постапка, нормално законска, како што доликува, да оснива еден државен универзитет, да води сметка да овој универзитет навистина внесе нов квалитет во нашиот високообразовен систем.

Најверојатно, слушнав од некои дискутанти, тоа беше причината зошто го легализиравме, претходниот парламентарен состав го легализира тогашниот нелегален, а сега законски односно легален универзитет во Тетово, само за да успееме да внесеме нов квалитет. Јас не би можел од тој временски период до сега, бидејќи немам некои анализи, да коментирам, да дадам насоки или претпоставки дали со тоа што го направивме навистина внесовме свежина, навистина внесовме нов квалитет.

Но, сакам да апелирам и сакам да верувам дека и со оваа идеја и со оваа иницијатива всушност ќе внесеме нови импулси, нов квалитет во нашиот високообразовен систем.

Затоа ќе повторам уште еднаш почитувани колеги, дека нашата пратеничка група ќе го поддржи овој законски проект, ќе гласа за, а и јас исто да бидам до крај отворен, ќе ја ревидирам мојата одлука од 2005 година и ќе гласам за ова законско решение. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Анастасовски.

Бидејќи нема можност да се пријавам за реплика од ова место, накратко, не да реплицирам, само да му дообјаснам на господинот Анастасовски, кога зборуваше за Тетовскиот универзитет. Не се работи за легализација, туку се работи за основање на Државен тетовски универзитет. Овде треба да направи дистинкција и законска и регулативна. Само тоа сакав да го дообјаснам.

Повелете господине Анастасовски, контра реплика.

**Иван Анастасовски:** Искрено, почитуван потпретседателе, ја прифаќам вашата забелешка. Меѓутоа сеуште ми се свежи тие термини. Со тие термини баратавме во расправата што беше по однос на основање на трет, како што беше и насловот на тој закон, трет Државен универзитет во Република Македонија. Но, сеуште ми се свежи тие термини. Затоа ги користев. Се извинувам уште еднаш.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Филипова Верица, реплика на потпретседателот Иван Анастасовски, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани, искрено, не знам кога господинот Анастасовски ја говорел вистината. Дали во дискусиите во 2005 година или во сегашните дискусии. Или пак, секогаш говори онака како Владата ќе му каже.

Пред мене го имам стенограмот од таа седница. Би сакала да го цитирам тогашното образложение на господинот Иван Анастасовски.

“Добро е и овде, на самата пленарна седница да кажеме дел од своите видувања по однос на оваа иницијатива.

Јас, и тогаш и сега и после, (а после веројатно е ова денешново) ќе укажам дека имам резерви по однос на оваа иницијатива. Значи од тој аспект, јас мислам дека се работи за една, пред се, популистичка иницијатива, што помалку од година дена пред избори сакате да ја претворите во законски проект. Од една страна и во Куманово имаше една таква иницијатива, што реално не наиде на позитивно тло. Во овој момент ние и таму, во одреден временски период да основаме универзитет”. Значи, ако не можело во Куманово да се отвори универзитет, тогаш зошто во Штип да се оснива.

Мислев дека колегата ќе биде доблесен и да не се јавува барем за дискусија, а уште помалку да го зборува ова што досега го дискутираше. зарем може, нашите гледања, нашите сфаќања и размислувања толку да еволуираат во зависност од тоа на која партија припаѓаме и која влада е во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** И благодарам на госпоѓа Верица Филипова.

Контра реплика од една минута господин Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Обично, немам намера да реплицирам, да дадам контра реплика, но сакам да ја замолам колешката да ја земе и оваа моја дискусија сега, каде што јавно кажав дека тогаш го поддржав, односно не гласав за таа иницијатива. И јас го имам, исто така, стенограмот, мојот, пред себе, за тоа што сум го говорел. Стојам зад тоа што сум го рекол тогаш. Меѓутоа реков, луѓе сме. Ја ревидирав сега својата одлука и сега ќе гласам за овој проект. Затоа ќе ја замолам да го земе и овој мој стенограм, можеби некогаш во животот ќе и притреба на колешката, да го цитира и дома пред своите или во Штип, каде што треба да се врати, не знам од каде доаѓа колешката. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор Ташева Виолета, повелете.

**Виолета Ташева:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници, денеска, особено ми претставува чест и задоволство што имам можност да учествувам во оваа дебата во која Собранието го носи законот со што ќе се основа државен универзитет “Гоце Делчев” во градот Штип.

Зошто ценам дека е тоа добро?

Развојот на терцијалното образование во нашата земја има за цел да ја подобри образовната структура на населението, да го подигне научно-технолошкото ниво и конечно, да обезбеди севкупен развој на земјата, а особено на овој регион, во кој што го отвораме новиот државен универзитет.

Овие цели, целосно кореспондираат со императивот на државата за европска интеграција. Пред се за создавање услови за вработување на високо стручен кадар.

Ќе се сложите, почитувани колеги, дека квалитетното образование е основен двигател на општеството и економскиот развој. Државата има потреба постојано да инвестира во унапредувањето и усовршувањето на системот на образованието. Само преку силен интелектуален развој Македонија може да обезбеди рамноправност со европските земји. А македонската работна сила да ја зголеми конкурентноста во сите сфери на економијата.

Почитувани колеги пратеници,

Следењето на развојот на универзитетите во Европа со оној во Република Македонија, според споредувањата и наведените индикатори, укажува на следново:

Структурата на вработените со високо образование во Европа е околу 25%. Во Република Македонија тоа е половина, близу 12,7 %. Ова е според анкетата за работна сила.

Вториот индикатор, просечната опфатеност на матурантите во високото образование во Европа е близу половината. Тоа е некаде 50%. Додека кај нас, едвај 40%. Едвај.

Но, ако се погледне што се случува со овој регион, индикаторот кажува нешто. Овие податоци, преземени од пописот на населението 2002 година, а јас сум убедена дека од тогаш до сега ништо не е променето, затоа што сме сведоци на голем број на невработени, слаба економија, до изборите 5 јули 2006 година.

Берово, кој е некаде 2 251 ученик и студент, само 6 од нив се студенти. Богданци, град во кој има 1252 ученици и студенти вкупно, од нив само 10 се студенти. Василево, град во кој има 1348 вкупен број на ученици и студенти, од кои само двајца се студенти. Кавадарци, 6472 вкупно ученици и студенти од кои едвај 125 студенти на високите школи и факултети и постдипломските студии. Кочани, град во кој има 5875 вкупен број на студенти и ученици од кои едвај 66 се студенти. Ова е подобрата страна на овој регион.

Што е она што е алармантно? Тоа е дека една Демир Капија, во која има 454 вкупно ученици, само 10 се студенти. Или, Зрновци, 328 вкупно ученици и студенти, 1 студен од тој број. Карбинци, 460 вкупен број, а од нив само 3 студенти. И, да не ги набројувам натаму останатите градови од овој регион, што се особено важни, затоа што во нив живее 10% од населението во Република Македонија.

Зошто овие ученици кои завршуваат основно и средно образование не се наоѓаат запишани во високите школи и факултетите.

Се разбира дека има причини и за тоа. Јас сум убедена дека економскиот момент е најважен. Бидејќи студирањето е скапо и од семејство кое треба тоа да го дозволи на своето дете, верувам, дека кога ќе одлучи тоа да не се случи е најтешката одлука на секој родител,затоа што немањето средства за студирање е хендикеп на тоа семејство.

Почитувани колеги пратеници, просечниот број на студенти во Европа на секои илјада жители 35. Во Република Македонија се движи едвај 22 а во овој регион е 6. Јас мислам дека почитувани колеги од опозицијата оние што се прашувавте зошто е итноста. Поголема итност од ова не постои. Ако се сетиме дека само пред два дена имавме на Собранието седница на која зборувавме за закон за рамномерен регионален развој во кој од опозицијата имаше остри критики зошто во Скопје се прави ова или она, а зошто во останатите региони кои се неразвиени  ништо.

Колеги пратеници, најважната работа за економскиот развој прввиот предуслов е образованието. Затоа ценам дека ова е моментот во кој Владата навистина носи добар проект со кој се овозможува да се направи поместувње во однос на економскиот развој на целото подрачје. Основните причини за основање на Универзитет со седиште во Штип се потребите на населението од Источна Македонија, за високо образовни установи кои ќе нудат студиски програми усогласени со природните ресурси со кои располага овој регион. Ценам дека изборот е добро направен, ценам дека е потребно економски факултет, правен и земјоделски, и факултет за музичка уметност и висока здравствена школа. А особено ценам факултет за информатика. Од колегите од опозицијата слушнав дека инфорорматика не е нешто што треба да се изучува и треба да се организира на овој начин. Дека е тоа некаква специјализација, напротив, информатиката е област во која современите технички, технолошки достигнувања во светот се изучува. Потребите од овој кадар апсолутно е потреба која мора да им ја понудиме на учениците. Ценам дека и овој факултет е особено добро што се наоѓа во групата на факултети кој ќе биде во состав на Унвиерзитетот "Гоце Делчев" во Штип.

Со основањето на овој Универзитет регионот ќе ги добие следните погодности. Студирањето ќе биде поефтино и на тој начин подостапно за населението кое се наоѓа во незавидна економска состојба. Ќе се сконцентрира квалитетен кадар во Источна Македонија, кој со својата научна и стручна дејност ќе даде придонес во изнаоѓање решенија за економско заживување на регионот.

Ќе се намали студентската миграција во соседните земји, тоа е факт кој никој не може да го порекне ниту да го заборави дека многу од овие ученици кои завршуваат средно образование заминуваат во соседните земји за да го продолжат своето образовно усовршување.

Ќе се намали големата нерамномерност во разместеноста на мрежата на високо образовни установи на територијата на Република Македонија. Факт е дека во Западниот дел тоа е со поголеми можности за учениците и за населението кој живее таму. Ова е шанса за

населението од Источниот дел на Македонија. И таа шанса не смееме да не им ја дадеме. Ќе заживее Источна Македонија како инфраструктурно, така и образовно. Ќе се создадат предуслови за отварање на нови работни места.

Почитувани колеги пратеници, затоа ценам дека овој проект на Владата на Република Македонија ја прави вистинската работа во вистинско време и на вистинско место. Поради овие причини јас го поздравувам овој проект на Владата и го поддржувам и ќе гласам за овој Предлог на закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Претпоставувам за реплика. Најверојатно сите тројца сте за реплика, добро.

Прва за реплика е пратеник госпоѓа Мери Младеновска Георгиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Во текот на денот навистина се изнаслушавме коментари и ставови на пратениците од позицијата, нормално напишани и подготвено со цел да бидат спремни за овој итен предлог на Владата, па затоа имавме можност да слушнеме и дел од она што е наведено во причините образложени од страна на Владата поради кои треба да се донесе законот.

Навистина овде е наведено дека студирањето ќе биде поефтино, итн. Но навистина не можам да разберам на кој начин со овој закон ќе заживее Источна Македонија инфраструктурно. Па Владата си подразбира дека со овој закон Република Македонија ќе заживее како инфраструктурно така и образовно. Дали нешто се нуди во инфраструктурата со овој закон, ниту видов ниту прочитав нешто такво. Можеби е тоа желба на Владата но тоа се прави со други проекти. Јас се согласувам дека треба да се подобри инфраструктурата во Источна Македонија за многу прашања до сега и сме расправале овде. И пратениците од опозицијата таквите предлози ќе ги поддржат, но дека со овој закон нешто се прави во сверата на инфраструктурата тоа апсолутно не се согласувам.

Исто така, во однос на информатиката, значи не е спорно дека е потребен развој на иформатика. Но, прашањето е дали со овој закон се нуди анализа на тоа како функционираа досега дисперзираните студии по информатика, кои се придобивките, дали во некои сегменти има проблеми кои се тие проблеми, дали треба да се надминуваат, на кој начин треба да се надминуваат за да знаеме дали овој предлог е вистинското решение. Дали информатиката вака може да егзистира и искуството дали покажува дека може да функционира самостојно од Електротехничкиот факултет. Значи, тоа се прашања на кои предлагачот требаше да одговори за да не увери дека овој предлог навистина е основан и дека треба да се поддржи.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Ташева Виолета, повелете.

**Ташева Виолета:** Почитувана колешке Младеновска, вие доколку на седниците на Собранието доаѓате неподготвени не информирани и без материјали, тоа е ваш проблем на приод на работата.

Што се однесува до инфраструктурата јас убаво кажав и од стенограмите можете убаво да прочитате и да видите ќе заживее. Тоа значи дека ова е момент во кој треба да им се даде шансата можноста на населението од овој регион. Со отварањето на ваков Универзитет е сосема јасно дека економскиот развој ќе добие подем навистина тврдам, тврдам колешке дека навистина ќе заживее и инфраструктурата. Оти тоа е услов за да може да има комуникација во тој регион на населението.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал да и реплицирам на колешката за неколку работи.

Прво околу итноста таа изнесе некои податоци тврдеше дека врз основа на тие податоци компарирани со европските показатели дека Македонија заостанува и дека е тоа итноста поради која што Владата предлага овој закон да се донесе по итна постапка. Јас се сомневам во тоа и мислам дека главната причина за итност е тоа што утре е најавено отварање на овој Универзитет во Штип и сега е потребно и законски да биде покриена целата постапка.

Исто така сметам дека ако сакаме правилно да ги поставиме работите и дека нема потреба од итност бидејќи таа самата спомна во говорот рамномерниот регионален развој тоа во најмала рака требаше да каже прво е потребно да се донесе стратегијата за рамномерен, регионален развој на Република Македонија како долгорочен документ, а потоа да одиме со формирање на образовни институции и универзитети по одделни региони. И сега како ако со стратегијата се утврдат други правци за развој на тој регион кој што го спомна и дека се покажа дека нема потреба од одредени факултети кои што се предвидени да работат во рамките на Унвиерзитетот што ќе прават утре тие студенти кои што ќе завршат таму, а зборуваме дека причините се покрај другите и да останат, да допринесат со своето образование во економскиот развој. Што ако се утврдат други приоритети и можеби нема толку потреба од земјоделски факултет, од правен факултет од економски факултет, со исклучок на факултетот за информатика. Значи очигледно и во овој случај, Владата прави еден избрзан проект и сама на себе си прави колизија со одредени проекти. Како што е проектот за рамномерен регионален развој, а сега го прави во спротивност проектот за основање на Универзитет во Штип.

Друга работа со оглед на тоа градовите кои што ги наведе и кои што ги компарираше во однос на

тоа на колку население има студенти, мислам дека од нејзината дискусија ќе произлезе дека и локацијата можеби не е баш најдобра одредба на Универзитетот, бидејќи некој град на центарот во Република Македонија, со оглед на градовите кои што ги спомнуваше, повеќе би одговарал да биде место каде што ќе се отвори Унвиерзитет. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контрареплика пратеник госпоѓа Ташева Виолета, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам.

Почитуван колега доколку бевте од фелата на образованието, сигурно ќе знаевте дека 2005 кога вие бевте парламентарно мнозинство, донесовте национална програма за развој на образованието меѓу кое и искажавте заложба за развој и во високото образование. Не ви ја гледам која ви е апсурдноста на вакво реагирање.

Што се однесува за потребата од различни факултети, вакви или онакви, моето ценење, моето гледање јас го искажав на говорница. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник госпоѓа Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Јас би реплицирала сосема на кратко во врска со искажаните бројки за моментално студенти од поедини општини во Источна Македонија. На пример беше кажано дека од Берово имало само 10 студнети, тоа јас не можам да тврдам, меѓутоа добив моментално порака по СМС и прашав дека од Берово има 73 студенти. Од општина Карбинци дека имало само 3 студенти, исто и таа бројка не е точна, јас лично познавам повеќе од три студенти од општина Карбинци. Во ред, можеби сакавте да ја поддржите иницијативата за отварање Универзитет во Штип со што дефинитивно сите ние на денешнава пленарна седница се залагаме и поддржуваме, меѓутоа сепак тоа што го јавно изнесуваме мора да биде и точно.

Исто така за факултетот по информатичка технологија јасно е дека тој профил на кадар е во денешницата многу, многу, многу потребен. Дека е тоа професија како што кажал Бил Гејтс, дека и најмала фирма мора да има луѓе кои што ќе работат со софтвери и програмери на софтвер. Меѓутоа за жал, и електротехничкиот факултет, оваа е официјална изјава добиена од декан кубури со доктори на науки по информатика. Значи кубури со професори за овие факултети, за овие предмети, а што би било тек со факултетот за информатичка технологија во Штип сепак мораме да бидеме многу одговорни се работи за студенти, за млади луѓе како ќе ги образуваме и по што понатаму ќе прераснат тие. Впрочем, денешницата кога најголем дел од завршените студенти работат во приватните фирми, таму не им бараат диплома. Тоа време помина кога дипломата значеше влез сигурен влез, сигурна позиција и сигурна плата. Денес се бара знаење и само знаење. А тоа знаење мора да го понуди високообразовната институција новиот Универзитет во Штип. Благодарам.

**Иван Анастсовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика госпоѓа Ташева Виолета, повелете.

**Ташева Виолета:** Благодарам.

Почитувана колешке моите податоци доколку внимателно ме слушавте, јас се повикав на изворот на податоците каде е тоа, тоа е пописот на население 2002, а податоците се наоѓаат во Извештајот од Државниот завод за статистика издадени март 2004 година, за ваше информирање.

Инаку, околу факултетот за информатика ви благодарам на поддршката, ви благодарам што гледате и цените дека е навистина потребно и е добро вашето мислење да го споделите со вашиот колега Лазе Китановски затоа што тој имаше сосема друга претстава за овој факултет. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Коцев Ванчо, повелете.

**Ванчо Коцев:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници од Владата, почитувани колеги,

Основната цел на моето излагање е да ја аргументирам потребата за основање на нов државен универзитет со седиште во Штип, кој треба да одговара на потребите за високо образование на неселението од Источниот дел на Република Македонија. Преку анализа на државната политика за образование, состојбата во Источна Македонија со оглед на исполнување на предусловите за основање на нова високо образовна установа како и предизвиците пред кои новите високо образовни установи ќе ги постигнуваат постоечките на патот на усогласување на македонскиот образовен систем со барањето на болонските принципи. Ако го прифатиме фактот, дека образованието претставува еден од основните предуслови за остварување на економски и сеопшт развој на една земја, тогаш може да констатираме дека во Република Македонија за да ја исполни целта на развојот, неопходно мора многу да вложува во доменот на образованието. Последниот попис од 2002 година, потврди дека од еден до друг меѓу пописен период нештата во образованието постепено се подобруваат. На ова подобрување не ја менува нашата положба на една од најмалку образуваните држави во Европа. Пописот регистрира крајно незадоволително ниво на населението, тоа е 4,2% се без училиште, 13,5% со некомплетна основно образование, 35% со сопствено образование, 37% со средно образование, 3,2% со виша школа и 6,8% со факултетско образование.

Соочувањето на државата со составите во доменот на образованието, поттикна акции, за

измени во образовната политика кои ќе обезбедат поголем влез на населението, во образовните установи од сите нивоа на образованието.

Во 2001 година беше изготвена стратегија за развој на образованието, на кое е констатирано дека очекуваниот економски развиток за обезбедување пивисок стандард е можно само со максимално забрзан развој на човековите ресурси превентивно преку системот на образование. Во јуни 2006 година, Собранието на Република Македонија ја усвои Националната програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005 до 2015 година. Во овие преговори се опфатени повеќе аспекти на високото образование од кои ќе се задржиме само на неколку на оние што се во тек со нашата цел да направиме анализа на состојбите со оглед на потребите на државата за основање на нов државен универзитет.

Во Националната програма за развој на образованието е констатирано дека со 2200 студенти на 100 илјади жители Република Македонија се наоѓа на самото дно меѓу земјите во Европа. За надминување на оваа состојба планирано е зголемување на опултот во високото образование и достигање на бројката од 3500 студенти, на 100 илјади жители.

Имено, во делот на високото образование се предвидува континуиран раст на бројот на студентите, додека не се достигне планираниот раст од 70 илјади студенти.

Постигнувањето на дадениот раст претпоставува обезбедување на соодветни капацитети за прифаќање на планираниот број студенти. Една година пред донесување на Програмата, беше спроведена акридитација на високо образовните установи, која вклучуваше и одредување на дневниот капацитет за студирање. Максималниот број студенти што мораат да студираат согласно универзитетските нормативи и стандарди за студирање. Акредитацијата на државните универзитети изнесува 46.800 студенти, односно 65% од планираниот број на 70 илјади студенти.

Од 2000-та година наваму, кога се овозможија основање на приватни високо образовни установи, новите установи надокнадија дел од недостигот, но тие кога значително би ги зголемиле своите капацитети, не би можеле да запишат поголем број студенти, поради високите школарини, кои можат да ги поднесат само мал број на населението во државата.

Во последните години во државата се одвива процес на децентрализација со кои се прави прераспределба на ингеренциите меѓу централната и локалната власт, со пренос на дел од ингеренциите во доменот на образованието од централно на локално ниво. Зголемените ингеренции на локална власт, при тоа, претпоставуваат раст на хумани ресурси за соочување со новите надлежности и одговорности. Ова значи зголемување на улога и одговорноста на образовните установи. Потребно е тие да ја усогласат својата дејност со реалните потреби. Деконцентрацијата на високо образовните установи е стара тема што ја окупира македонската јавност во текот на последните неколку години. Ако се осврнеме на политиките на државата во однос на прашањето на спроведувањето на високо образовните установи на територијата на Републиката, можеме да констатираме една суштинска некоегзистентност. Политиките на концентрација и деконцентрација на изменично се менувале и оние смени од прв ред го погодувале најмногу Источниот дел на државата во 70-те години од 20 век речиси целото високо образование било концентрирано во Скопје. Процесот на деконцентрацијата на високо образовните установи започнал во 70-те години, кога покрај Скопје биле основани високообразовни институции во Битола и Штип. Тогаш во Штип започнале да работат Рударско-геолошкиот факултет, Педагошката академија и Економскиот факултет. Во Струмица долга традиција имале Вишата земјоделска школа и Институтот за земјоделци. Во Кочани работи Институтот за ориз. Имено,во Источна Македонија започнуваат да работат високо образовни институции, кои по бројот и разновидноста ги задоволувале критериумите за нивно поврзување во универзитетот. Меѓутоа, од причини кои не можеме да ги разбереме, поголемиот број од овие установи биле затоворени и восоко образовните установи се концентрирале повторно во Скопје и Битола. Во Штип останале да работат единствено Рударско-геолошкиот факултет и Педагошката академија, која прераснува во Педагошки факултет. Институтот за земјоделие е обновен дури во 2001 година под името Институт за Јужно земјоделски производи. Веќе три години Република Македонија е потписничка на Бољонската декларација, но разговорите околу промена на менанџментот на високо образовните установи траат далеку подолго време поради некоегзистентноста на образовниот систем во овој домен.

Имено, имаме образовен систем кој го карактеризира голема неусогласеност меѓу новото на образование во делот на менанџментот. Постои голема централизација на пониските нивоа, а исто така, голема децентрализација на најниско ниво. Така барањата за децентрализација во доменот на предучилишното, основното и средното образование се придружени со барањата на раст на централизацијата во доменот на високото образование. Овие барања останаа нужност за потпишувањето на Бољонската декларација која условува на усогласување на принципите на работење на европските универзитети.

Моментално во доменот на менанџментот на високото образование односно на високо образовните установи во државата, постои разновидност. Ново формираните универзитети ги имаат прифатено моделот на интегрирање на универзитет, со релативно висока усогласеност на целите и принципите на работењето на единиците

во неговиот состав, како и со поголеми можности за развивање на интердисциплинирани студиски програми. Старите универзитети, Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје и Универзитетот “Св.Климент Охридски” во Битола работат според децентрализиран модел, каде универзитетот претставува само една лабава асоцијација на факултети. Факултетите со правен субјективитет, всушност дејствуваат како мали универзитети. Овие два државни универзитети беа поттикнувачи на идејата за склучување на Бољонскиот процес, нивното наставно, научно членство е свесно за потребата од спроведување на порадикални форми во насока на приближување кон европските модели, но тие сепак не се расположени да се откажат од стечајните привилегии што ги носи правниот субјективитет. На овие недостатоци може да се стави крај со државен акт, со измени на Законот за високото образование.

Државниот универзитет Гоце Делчев со седиште во Штип е замислен како високо образовна установа што треба да одговори на барањето на високото образование на еден простор што е многу поширок од оној определен како Источен регион од страна на Државниот завод за статистика. Тоа е подрачје на источна, југоисточна, североисточна Македонија која сообраќајно е поврзана со Штип, со околу 35 поголеми населени места, кои се поблиску до Штип, отколку до другите градови.

Овој дел на Републиката живеат околу 450 илјади жители. Доколку се има предвид Националната програма за развој на образованието во која како што е истакнато е дефинирано дека целосно треба да се развиваат следните 10 години во Република Македонија да има 35 илјади студенти на 1 милион население, тогаш според националните планови, ова население би требало да даде повеќе од 15 илјади студенти.

Основањето на еден нов универзитет, кој има намера да ги придобие учениците од еден регион треба да нуди програми што се во согласност со програмите на средното образование како и во согласност со потребите на пазарот на дадениот регион.

Анализата на профилите што се репродуцираат во средношколските центри во Источна Македонија открива дека ги има 18 гимназиски и уште 17 струки, меѓу другото земјоделско ветеринарна струка, здравствена струка, економска струка, правна и трговска струка, прехрамбена струка, машинска и електротехничка струка, уметничко образование, ликовно, музичко итн.

Структурата на новиот универзитет е конечно дефинирана, но како негови можни единици се наведуваат Правниот факултет, Економскиот факултет, Факултетот за информатика, Факултет за земјоделски науки, високоздравствена школа и факултет за музичка уметност. Споредбата меѓу профилите за средно образование и студиските програми на универзитетот ни откриваат суштинска усогласеност.

Државниот универзитет во Штип од планирано да биде организиран според начелото на Бољонскиот процес, како интегрирана високо образовна установа, во која универзитетот има својство на правно лице. Универзитетот би имал една сметка за редовно работење, преку која ќе располага со буџетски средства, како и повеќе посебни сметки преку кои ќе располага со средства што ги остварува од самофинансирачки активности, од донации и од кредити. Неговото седиште би требало да биде во Штип, како регионален центар што има добра конотација со сите населени места во Републиката.

Според тоа, затоа јас и моите сопартици даваме полна подршка за отворање на овој Универзитет.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Кој од пријавените е за реплика.

Три минути реплика за пратеник госпоѓа Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Значи, апсолутно се согласувам со пратеникот дека е оправдано формирањето на Универзитетот во Штип и нашата партија ќе го подржи овој проект, но би сакала да посочам на неколку детали од неговито говор.

Значи, универзитетите во Македонија досега постоечките се организирани како што се организирани, но ние во минатото имаме позитивни искуства со едукацијата на студентите ја добивале и во Битолскиот, и во Скопскиот, и во Штуловиот универзитет и таа организација и воопшто не е така лоша во однос на стекнувањата на знаењата се до моментот додека не се вмеша политиката како што во моментот се случува во Битолскиот универзитет, во Високата медицинска школа, каде што на повеќе наврати се крши и законот. Значи независноста на универзитетот максимално ја почитувам, бидејќи сум припадник на универзитет и апсолутно ќе ја бранам секаде и секогаш се додека криминални дејства не влезат во некој универзитет. Обврска за ова, затоа го кажувам ова на претставниците на Владата овде, е да ја контролираат таа работа и нивните инспекциски служби малку да бидат поагилни, посериозни, поодговорни во работата. Не потресуваат повеќе од месец настаните во Битолскиот универзитет и се уште не сме виделе било каква реакција на оние кои се одговорни да разрешат еден тежок проблем кој се случува таму. Значи, не очекувам политиката да се меша и во Штипскиот универзитет, најмалку што сега со задоволство ќе го потврдиме неговото формирање, ниту во другите, но доколу е неопходно државните институции да си ја сработат, треба да ја сработат работата. Претпоставувам колегата направи лапсус, но би сакала да го исправам како сериозно засегната, кога станува збор за универзитет, не зборуваме за дисциплинирање, туку зборуваме за мултидисциплинарен пристап, што значи

опфаќање на повеќе области кои се изучуваат во еден универзитет, а претпоставувам дека е лапсус, но да не остане како недоразбирање, дозволете да се оградиме и тој самиот да има шанса да се огради од лапсус лингве, кој го направи во моментот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Благој Зашов, повелете.

**Благој Зашов:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Овој пат немам пишан говор, иако прифаќам дека пишаниот говор е и најдобро средство човек да се изрази за кратко време, бидејќи ако зборува слободно му треба повеќе време, а тоа значи и повеќе да дискутира и да се одолжи расправата.

Сакам да кажам дека во овие 6 точки во рамките на 10-на минути колку што планирам да зборувам, како што реков во една од претходните мои дискусии, ќе ги спомнам најважните работи што во овој момент мислам дека се во врска со отворањето на Универзитетот во Штип. По универзитетите во Скопје, во Битола и Тетово беше ред и во Источна Македонија да се отвори универзитет. Штип како град најголем во Источна Македонија веќе има искуство од работа на определен број на факултети. Тој сега по донесување на овој закон ќе стане 4 универзитетски град во Република Македонија, односно град на академци.

Што се однесува конкретно до отворањате на универзитетот и колку тоа ќе чини во овој закон немаме точни податоци, меѓутоа, верувам дека Владата во рамките на Буџетот ако се планира Универзитетот да се отвори на есен, ќе најде средства за да ги отвори тие факултети што се предвидуваат со овој закон. Ние претходните денови зборувавме за Законот за регионален развој. Мислам дека отворањето на еден универзитет во Источна Македонија паѓа токму овој момент кога зборуваме за тој развој и би требало и овој закон и ова отворање на универзитет да го сметаме како составен дел на тој регионален развој на Источна Македонија.

Во Законот се спомна Болоњскиот процес, што значи и определено ниво на образование. Болоњската декларација бара високи критериуми. Само да спомнам дкеа неодамна наоѓајќи се на Правниот факултет во Скопје добив еден податок дека тие веќе втора година работат според Болоњската декларација и дека кубурат со критериумот, со нивото и тука се на границата на потребното ниво за исполнување на критериуми од Болоњскиот процес. Ова значи дека критериумите се високи и треба уште од сега да се мисли дека треба да има доволен број професори кои ќе работат цело работно време на Универзитетот и ќе бидат квалификувани за да можат да добијат преодна оценка од студентите кои очекуваат од нив знаење.

Македонија е навистина мала земја и сигурно дека кај нас има премногу викокошколски установи, вклучувајќи ги и приватните универзитети, што во последно време се отворија кај нас. Тоа е товар за едно слабо стопанство, но од друга страна поради регионалната рамнотежа, потребно е да се отвори ваков универзитет и во овој град во Источна Македонија. Можеби е ова контрадикторно, меѓутоа, едно со друго се објаснува. Зошто е итноста на донесувањето на овој закон. Овде со право од страна на опозицијата се кажа дека многу се брза со донесувањето на еден ваков закон, зошто не сме биле подготвени. Мислам дека имаат право што го кажуваат ова, но јас добив објасување дека долга била процедурата за акредитација прво, и второ, дека законот треба да се донесе 6 месеци пред почетокот на студенската година, тоа значи на 1 октовмри оваа година, а тие 6 месеци се токму до први април оваа година.

Податоците што овде ги чувме за бројот на студентите, во однос на бројот на учениците во Источна Македонија се навистина, загрижувачки и ако, мислам дека е тоа случај со отворањето на овој универзитет во Штип, може да се подобри ситуацијата за високошколски кадар во Источна Македонија, тоа е многу добро.

Би сакал, во оваа прилика да укажам дека не е само прашањето да се отвори универзитет. На него треба да студираат оние кои имаат пари, но и оние кои немаат пари. Универзитетите, особено не државите ги отвараме за сите, не само за богатите.

Оттука, мислам дека паралелно со отварањето и на овој универзитет Владата и надлежносто министерство ќе најде средства за дуплирање на Фондот за стипендии и студенски кредити, како би можеле и децата на сиромашните семејства да го продолжат своето студирање и на универзитетот во Штип.

И на крајот споменувајќе дека името Гоце Делчев што му се дава на овој универзитет е поврзано со фактот што нашиот револуционер Гоце Делчев бил учител во овој град. И тоа е добро што не сме заборавили и да предложиме токму такво име.

На крајот го подржувам предлогот и како пратеник од третата изборна едница и како пратеник од Нова социјал демократска партија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓица Верица филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата на Република Македонија.

Бев во дилема после сето кажано денесе дали да се јавам за дискусија, но сепак оценив дека како пратеник од Штип, како пратеник од Социјал демократскиот сојуз редно е да се јавам и на кратко да кажам што мислам во врска со оваа идеја.

На почеток, се разбира, дека го подржувам основањето на нов државен универзитет во Штип. Впрочем од се што чувме до сега сите партии го подржуваат присутни денес, се разбира, го подржуваат основањето на државниот универзитет Гоце Делчев во Штип.

Впрочем, во изборните програми пред изборите на 5 јули во изборната програма на СДС, како и во изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ стоеше дека, доколку ја добијат власта на Република Македонија, ќе формираат нов државен универзитет во Штип. Значи, и СДС да победеше на изборите или да формираше влада, ова беше следниот чекор, ова беше континуитетот на ова што сега го имаме во Штип.

Што имаме во Штип моментално, годинава, минатата година?

Во Штип постојат и егзистираат 30-тина години Рударско-геолошкиот факултет, Педагошката академија "Гоце Делчев", во состав на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" и постојат веќе две години дисперзирани студии. Дисперзирани на Економскиот факултет, дисперзирани на Правниот факултет, дисперзирани студии на Високата медицинска школа. Во Струмица егзистираат дисперзирани студии по земјоделие и дисперзирани студии по информатика во Штип.

Зошто минатата Влада се реши наместо универзитет, првиот чекор да биде формирање на дисперзирани студии во Штип.

Формирањето на дисперзирани студии значеше, како прво, обезбедување на студентите од источниот дел на Македонија, а по се што слушнавме до сега дека источниот дел на Македонија покрива околу 500 илјади жители, секоја година матурираат околу 6000 середношколци, значи можност, студентите, дел од нив да студираат во Штип, можност да ги намалат трошоците на студирање, а за сметка на тоа да добијат потполно ист квалитет како да студираат во Скопје. Што значи, да добијат студии по иста наставна програма како на Скопскиот универзитет и да добијат професори и асистенти, докажани, еминетни универзитетски стручњаци.

Тоа значи дека сегашните 1000 студенти на дисперзираните студии во Штип: 200 на Економскиот, 300 на Правниот, дел од нив на Педагошката академија, Педагошкиот факултет, понатаму на останатите, да не ги набројувам по втр пат, 84 на Информатика имаат можност да студираат во Штип. Имаат можност да трошокот за живеење им биде многу помал, бидејќи дел од нив секојдневно патуваат од местото на живеење до Штип и назад, а истовремено не се хендикепирани со наставната програма и со наставниот кадар што ги обучува.

Во Штип, по иницијатива на градоначалникот од Штип, вклучително со градоначалниците од источниот дел на Република Македонија и од поранешната Влада беа добиени определен број на проекти што беа во сопственост на Република Македонија и беа преотстапени на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Тие објекти се: Пионерскиот дом, каде во текот на оваа година и при крајот на минатата година беше извршена обемна реконструкција на објектот, реконструкцијата беше од средства на Унвиерзитетот "Свети Кирил и Методиј", се со цел да можат студентите од прва и втора година да имаат подобри услови за одвивање на наставата и следење на истата.

Исто така, беше адаптиран дел на Рударскиот факултет и Педагошкиот факултет каде се одвива наставата на Факултетот за информатика, со одлични услови за настава, задоволни студенти што ја следат таа настава во прва година.

Одвивањето на досегашната настава на Високата медицинска школа што се одвива во просториите на Средното медицинско училиште во почетокот, за волја на вистината, мораме да признаеме дека беше со одредени мали проблеми и пропусти. Меѓутоа, тоа е исправено и во вториот семестар текот на наставата е адеквана на потребата.

Значи, настава во Штип посетуваат студенти од сите овие гранки за кои ќе има во новиот унвиерзитески центар посебни факултети. Плус, настава посетуваат во Струмица, во просториите на Институтот за јужни земјоделски култури, во рамките на Земјоделскиот факултет, дисперзирани студии. Единствено, до сега не постои во Штип настава на факултет за музичка уметност. Тоа согласно овој закон е нешто ново, нешто што треба да се воведе со отворањето на новиот универзитет.

Во Штип постои традиција, долгогодишна, како што кажаа пред мене и некои пратеници, во развој на музичката уметност. Постои ниже и средно музичко училиште долги години. Впрочем и професорите на сегашниот Скопски унвиерзитет по труба се Штипјани, кои патуваат. Се надевам дека поголеми проблеми во оформувањето на овој Факултет за музичка уметност не би требало да има. Сепак, морам да кажам дека овде не сум многу стручна и не можам да оценам од расположивиот наставен кадар како ќе се одвива наставата.

Тоа што сакам исто така да го потенцирам и да го нагласам е дека следниот чекор, после основањето на дисперзираните студии, за што одлука даде претходната Влада, беше оформувањето на нов универзитет во Штип. Тоа е нешто што се наметнува логично и природно, бидејќи во источниот дел на Република Македонија не постои универзитет, бидејќи идејата стара повеќе 30 години треба да се реализира.

Идејата беше, исто така, да дисперзираните студии овозможат развој на научно-наставен кадар од овој дел на Македонија, да биде понатаму побезболно приоѓањето во нов универзитет "Гоце Делчев", како што сега ќе се вика во Штип. Она што од предложениот закон мене ми смета и она на што имам замерка е дефинитивниот избор на факултет.

Штип е град на текстилната индустрија, Источна Македонија е исто така регион каде постојат околу 800 помали и поголеми текстилни фабрики, текстилни погони ако сакате. Неопходна беше потребата во оваа фаза да во универзитетот, новиот во Штип се вклучи и факултет од областа на текстилот. Впрочем и сега во рамките на Технолошкиот факултет во Скопје смерот за конфекција, поради одење во пензија на наставниот кадар не постои за жал. За жал адекватни стручњаци би можеле да се вклучат во производството во нашата текстилна индустрија не постојат. Има големо поле, широко поле за развој и за отварање на факултети од оваа област. Факултети од моден дизајн, факултети од текстилен менаџмент и сл. Се надевам дека Владата ќе има слух да го ревидира и да го дополни сегашното решение со факултети од овие гранки. Да не заборавиме дека токму со наставен кадар од овие гранки изобилува Штип и Источна Македонија. Поле на квалитетни стручњаци, можност за квалитетна пракса и обука.

Она што исто така ми смета е миноризирањето на улогата на Парламентот. Впрочем, колеги пратеници, од страна на Владата ние сме доведени во улога на гласачка машина која седи овдека, која дневно, како што беше кажано во некои претходни дискусии од страна токму на позицијата, дневно го чин и 20 илјади евра Буџетот, ако пресметаме дека до сега сме имале барем 10 седници, 100 сесии по 20 илјади евра, тоа се два милиони евра од Буџетот, а сме претворени во тело за кое Владата е сигурна дека ќе гласа по нејзино укажување и инструкции и впрочем своите активности ги планира без разлика што ќе одлучи Парламентот, или своите активноги ги планира, без разлика што ќе се случи на нашите седници.

Зошто го велам ова, за утре во 13,30 часот во Штип е закажано свечено отварање на канцеларија на новиот Универзитет “Гоце Делчев” од страна на премиерот на Република Македонија, господинот Никола Груевски. Закажан е е коктел за 40 луѓе, закажана е уште една претстава на Владата на Република Македонија, комедија или како да ја наречам. Што ќе се случеше ако денес Парламентот ја пролонгираше седницата, односно не го изгласаше овој Закон. Дали не беше воопшто битно, дали не можеше Владата да почека барем седум дена па ние овдека да дискутираме, се знае ова е свечен чин. Јасно беше дека овој Закон ќе помине во Парламентот. Зарем има некои кои ќе бидат против образование, против нови универзитети. Се разбира дека никој не би бил против тоа. Меѓутоа, зарем не беше добро нашата Влада да има доблест, да помине одреден период, да поминат седум дена откако е се изгласаше Заканот па да го прави тоа свечено пуштање и таа парада во Штип. Да ви кажам дека јас како пратеник се чувствувам навредена и убедена сум дека длабоко во вас, сите вие го чувствувате тоа. Минимизирањето на нашата улога впрочем се коси и со Уставот на Република Македонија, согласно член 68 од Уставот на Република Македонија. Согласно член 218 од Деловникот на Собранието се кажува дека Собранието врши политичка контрола и надзор над Владата. За каква политичка контрола и надзор се работи, може да посведочи македонскиот народ и македонската јавност. За жал, во Република Македонија Владата е таа која врши контрола над Собранието што претставува грубо кршење на Уставот.

Уште еден доказ...

(Џагор во салата, а пратеникот Верица Филипова се обраќа на претседавачот со молга за ред).

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги, да ја дослушаме колешката.

Повелете, продолжете.Ве молам колеги.

**Верица Филипова:** Проценка за грубото кршење на Уставот можеме и во сите весници од денешниов печат да прочитаме, дека во Република Македонија ќе било воведено задолжително средно образование, дека во Република Македонија ќе биле воведени часови по религиско образование, точки, теми, што сеуште не се на дневен ред на Собранието на Република Македонија, теми за кои што овде сеуште немаме дебатирано, за што немаме донесено, се немаме изјаснето позитивно или негативно, а веќе на големо се информира јавноста во Република Македонија што следува и кои се идните чекори на полето на образованието.

Јас, и покрај целото задоволство од отворањето на Унвиерзитетот во Штип, како штипјанка, не можам а да не ја кажам огорченоста од третманот на Собранието, од страна на Владата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути процедурално, пратеник госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван потпретседателе, се јавив за процедурална интервенција за да апелирам до вас, како одговорен за водење на седницата, да се држите до одредбите на Деловникот и да овозможите, кога разговараат пратениците, кога има дискусии било од говорница или од своите места, тоа да го прават на адекватен начин, а да не бидат доведени во ситуација нивниот настап да биде оневозможен или попречен со дофрлања, со пуштање на музика и слични однесувања од одредени пратеници, што се случија во текот на денешната расправа.

Сите ние сме одговорни за дигнитетот на Собранието. Јас за тоа зборува во мојата дискусија по однос на Предлогот на законот што денес го разгледуваме. Но, очигледно е дека апелите не стигнуваат до дел од колегите, па морам да интервенирам, бидејќи вие сте задолжен на седницата.

Она што денеска ни се случуваше на седницата е можност да го следиме настапот на колегите од

опозицијата кои ревносно, посветено го бранат предлогот на Владата и одреден број на дискутанти ја губи границата помеѓу пристојното и непристојното, па во своето однесување користеа дури и лични навреди спрема одредени пратеници од опозицијата, што сметам дека навистина не е во ред. Но, за жал, во тоа не можам да им помогнам. Тука е македонската јавност, не следи, ги следи овие дискусии и ќе донесе суд за тоа што се случува во Парламентот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** И јас ви благодарам, меѓутоа лично не слушнав дофрлања на говорот на колешката. Така што, тоа е ваша констатација.

Продолжуваме со расправа.

Збор има пратеник господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам потпретседателе.

Цел ден имаше голема дебата. Можеби деталите се веќе изнесени. Дали има ефект по неколку пати, не знам. Јас кратко сакам да кажам три работи.

Прво, дека формирањето на Државен универзитет во Штип заслужува поддршка, особено од нашата пратеничка група, затоа што тоа е и наша програмска или изборна определба, се едно како, на која се работи веќе неколку години наназад во Владата и се направени чекори кон донесување на ситуацијата во состојба да се основа Универзитет. Тој потег, јас или ние, се едно, ќе го поддржиме.

Она што создава малку недоумица, по мене, се неколку работи што сега веќе очигледно, откако законот е во итна процедура доставен во рок од 48 часа во Собранието, невозможно да се дебатира, Владата оди на итна седница со итно донесување на Законот и тоа, практично, за пратениците, најчесто значи свршен чин.

Дали е изборот на факултетите тој што треба, дали ќе овозможи натамошен развој на образовната и научната дејност во Македонија, вклучувајќи го и регионот што гравитира околу Штип и еден факултет што ќе биде вон од Штип, туку сместен во рамки на Универзитетот во Штип, но дислоциран во Струмица.

Дали имаме повторување, дали имаме тендеција да се формираат универзитети во Република Македонија за кои Министерството за образование и наука, претпоставувам дека води соодветна политика и во приватната и во државната сфера, сеедно.

Давајќи поддрашка на овој акт, мислам дека иако е задоцнето со итната процедура како што реков, можеби треба во иднина да се размислува зошто Македонија е доведена во ситуација, еве денеска во консултации со луѓето кои во нашата пратеничка група ја следат оваа проблематика ова е 10-ти универзитет во Република Македонија, а 4-ти државен, мислам дека веќе мрежата на државните универзитети и според територијалната разместеност е оптимализирана, па дури и максимализирана. Еден во Скопје најстариот и нај, претпоставувам нема да кажам никаква навреда ако кажам дека е најважниот Универзитет во Македонија, понатаму еден албански јазик во Тетово и уште два дислоцирани во двата останати географски центри во Источна Македонија во Штип и во централно-јужниот дел од Македонија во Битола.

Меѓутоа, проблем е што имаме уште 6 приватни универзитети и на сите универзитети тенденцијата е иста, постојат по 5-6, со исклучок на Скопскиот универзитет, 5-6 факултати кои го исполнуваат законскиот минимум и сите се со истите факултети. 5-6 универзитети со исти факултети најчесто Економскиот, Правниот, во последно време информатичките науки, бизнис менаџмент кои веројатно од аспект на инвестициите најлесни и затоа први се овозможуваат. Меѓутоа, треба да се води сметка, јас сум еден од приврзаниците кои сметаат дека во рамките на трите државни универзитети во Македонија кои вршат образовна и наставна дејност на македонски јазик, треба Министерството за образование и наука, доколку се има волја и сила да почне да размислува и за регионализација на образовниот процес врз основа на некаков план, да не се повторуваат истите факултети на сите три универзитети, туку да се води сметка дека некои од нив можат да егзистираат на еден од универзитетите, некој на друг од универзитетите и она што претставува планско насочување да се води во рамките на државните универзитети.

Приватните универзитети, се разбира, се нешто друго, тие се лиценцираат иако кај нив е најизразена тенденцијата да се имаат најчесто општествените науки, обично менаџмент, економија, право, меѓународна политика и слични факултети кои не бараат големи инвестициони средства во технологија, во лаборатории, во наставно-научни средства итн.

Давајќи поддршка на ова, можеби ако се разговараше во некоја друга ситуација во која ќе можеше да се даваат предлози, па евентуално за нив да се размислува, па да се носи одлука во некоја втора фаза, без разлика дали ќе биде за 10, 20, 30 дена, сеедно, јас денеска не слушнав, сакам накратко да го кажам, Владата се определила Државниот универзитет во Штип да се вика “Гоце Делчев”. Не слушнав дека некој денеска за тоа дебатира, а искрено да кажам не слушнав и од образложението на заменикот министер што било клучно да се определи Владата. Се разбира дека за тоа има аргументи. Тој учителствувал во близината на Штип иако по логиката на досегашните државни универзитети Македонската држава, барем до сега, секогаш се определувала имињата на универзитетите кои таа ги основа, со оглед дека се образовни и научни институции, да се врзуваат со наши великани од таа област, од таквата провиниенција. Се разбира Гоце Делчев има несомнено линкови со тоа што бил учител во својот живот, меѓутоа, можеби требаше да се размислува, иако сега не може во

итна процедура да се размислува, дали името на универзитетот можеше да биде од овие какви што се сега Свети Кирил и Методиј, Свети Климент Охридски, имаме и други величини од таа сфера, почнувајќи од Цепенков, Пулевски, па завршувајќи со Блаже Конески, една плејада на научници, просветители и други личности кои несомнено точно во сферата на образованието и науката оставиле сериозен белег на државноста на Република Македонија. И ова не пречи, меѓутоа, проблемот е што за тоа не може да се дебатира. Во ваква итна процедура, тоа е веќе направено. Да беше во нормална процедура можеби ќе имаше една смирена ситуација во која можеме да поразговараме културно што ќе беше балансот помеѓу ваквиот пристап на претходните два универзитети кои ги имаме формирано во Скопје и Битола и на овој нов трет, се разбира настрана Универзитетот во Тетово кој врши дејност доминантно на албански јазик, колку сум запознат, и има географска одредница, а тоа е Универзитет во Тетово, согласно со градот во кој постои.

Се надевам дека универзитетот ќе доживее развој после основањето од страна на Собранието со донесување на законот иако е рано му посакувам брзо да прерасне во една од значајните образовни, меѓутоа, не само образовни, туку и научни институции во Република Македонија затоа што ќе врши, покрај образовна и научна дејност и мислам дека Република Македонија со ова ја заокружува државната мрежа на универзитети која, комбинирана со приватната, десет универзитети на два милиони жители мислам дека отприлика 200 илјади жители на еден универзитет, со оглед дека приватното е вон од нашиот домен на одлучување, мислам дека државната мрежа со ова се заокружува и од тука натаму да им посакаме среќа и на новиот универзитет и на постојните кои ќе имаат сигурно тесна соработка со овие институции особено Скопскиот и Битолскиот кои треба да дадат поттик и помош овој универзитет што побрзо да дојде во ситуација да ги исполнува целите за кои денеска со закон се одлучуваме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално три минути за пратеникот Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам потпретседателе.

Согласно одредбите од Деловникот, барам поддршка од 10 пратеника, за да можеме да работиме до завршување на оваа седница.

**Иван Анастасовски:** Евидентно имате поддршка.

Тоа би го формулирал вака, додека не се изгласа единствената точка на дневниот ред.

Бидејќи предлогот е уреден, само да ги замолам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата, бидејќи ќе гласаме.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Нема доволно)

Ги молам пратениците да влезат во салата ќе гласаме за предлогот на колегата Вељаноски.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, бидејќи во салата има доволен број пратеници.

Предлогот да работиме до изгласување на единствената точка од дневниот ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, а во моментот на гласање во салата беа присутни 63 пратеници, вкупно гласале 54, сите 54 гласале за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Продолжуваме со работа.

За реплика на господинот Поповски е пријавена госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Нема да биде класична реплика, туку една мала забелешка на говорот на мојот колега Никола Поповски.

Можеби и самиот ќе се согласи со мојата забелешка која се однесува на следното: во својот говор кажа, ве молам за ...

**Иван Анастасовски:** Колеги, ве молам да се сослушаме.

**Мирјана Секуловска:** Значи, во говорот на колегата Никола Поповски кажа спомнувајќи ги сите три државни универзитети дека е ова 4-от државен универзитет, спомна дека Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје е најважен универзитет.

Јас би сакала да го корегирам, мислам дека и тој ќе се согласи со мене за оваа корекција, бидејќи не значи ако Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” има најдолга традиција не значи дека е и најважен. Значи, традицијата не е еднаква со важност. Ако знаеме дека на универзитетите има наставници и соработници, тоа е множество од наставници и соработници, еден систем кој практично важноста на тие универзитети ја даваат и тие наставници и соработници, а знаејќи дека развојот на Универзитетот се темелил на индивидуалниот развој на тие наставници и соработници кои во ништо не занемарува во однос на Скопскиот универзитет на другите универзитети во Република Македонија. Во тој контекст е мојата забелешка.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповска:** Благодарам.

Жал ми е госпоѓо Секуловска, јас со вас не можам да се сложам и Парламентот не е место на емотивни согласувања. Парламентот е реално место. Битолскиот универзитет има 5 членки, Тетовскиот универзитет има 5 членки и сега Штипскиот универзитет во формирање 6.

Вкупно16 факултети на тие три универзитети. Скопскиот сам има над 30 членки. Така што ние сега можеме емотивни да бидеме и локалисти, сите се исто важни итн. Не зборуваме за тоа. Меѓутоа, значењето на Скопскиот универзитет не може да се надомести зашто тој само по себе со 30 и нешто членки и институти и факултети итн сепак ќе признаете дека има повежно значење за државата отколку другите, со тоа што не го намалувам значењето на другите. Меѓутоа, сега да се согласам дека 16 на 3 и 30 и нешто на еден универзитет е исто, не барајте од мене.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам на кратко да ја изразам мојата поддршка за овој закон, меѓутоа исто така сакам да апелирам да се зголемат буџетските средства во образованието и да се исполни ветувањето дека од 1.01.2007 година ќе се зголемат буџетските средства за образованието до ниво од 5% бруто домашниот производ заради тоа што со зголемувањето на бројот на високо образовни институции неопходно е зголемување на финансиските средства за нивно нормално функционирање и се надевам дека на тој начин ќе се овозможи отворањето на нови восоко образовни институции да не се одрази на квалитетот во образовниот процес во сите нив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 на Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, 67 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

Кој е против молам да крене рака?

Дали има некој воздржан?

Почитувани колеги,

На седницата присуствуваат 9 пратеници кои не се мнозинство во Република Македонија, сите девет гласале за, нема против, нема воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за основање на Државен универзитет “Гоце Делчев” во Штип.

(Аплауз)

Ја заклучувам 37-та седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со 34-та седница.

(Седницата заврши со работа во 18,06 часот)